**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Дванаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Ристана Лалчевска, Зоран Витанов, Славица Грковска, Цветанка Иванова, Неждет Мустафа, Лилјана Поповска, Миле Пачемски, Благој Зашов, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Даут Реџепи, Насер Ајдини, Мендух Тачи и Арбен Џафери ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за полиција.

Има збор пратеникот Зумрете Јакупи. Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Почитуван господине Георгиевски, почитувани пратеници,

Сега ќе продолжам со членот 23 каде што застанав вчера. Во овој член се говори за полициските станици и нашата забелешка е дека секоја општина треба да има своја полициска станица и најмалку еден градоначалник, доколку има полициска станица, ќе има со кого да соработува. Случајот на општините кои немаат полициски станици, како што е примерот со општина Сарај и општина Шуто Оризари, кои треба да се обраќаат на друга полициска станица, на општината Ѓорче Петров и општината Бутел. Тие од Сарај се обраќаат во општина Ѓорче Петров, а тие од Шуто Оразира во општина Бутел. За секоја преставка или жалба, која ја имаат во однос на градоначалникот или во однос на претседателот на Советот за работи кои се во надлежност во нивната општина. Значи нивните интерни жалби се принудени да ги поднесат во други општини. Поради тоа, мислам дека во овој член треба да се предвиди овие општини, како и другите општини, да ги имаат истите можности и сите општини да имаат полициски станици, бидјеки не треба да помине рокот на еден мандат за да останеме во статус кво состојба. Но градоначалниците на овие општини кои немаат полициски станици да бидат рамноправни со другите општини, со градоначалниците во општините каде што има полициски станици.

Членот 24 е член кој говори за раководителите на полициските станици и би сакала да го цитирам овој член. Имено, со полициските станици од членот 23 кои беа наброени, според овој закон раководи командир кој работите ги врши во полициска униформа. За командир на полициска станица може да биде избрано лице, кое покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата, предвидени со овој закон, ги исполнува и следните посебни услови.

Прво, да има завршено соодветно високо образование, да има работно искуство во полицијата од најмалку 10 години.

Командирот од став 1 на овој член се избира со мнозинство гласови од вкупниот број советници, од страна на Советот на општината, во која е сместена полициската станица од општа надлежност на Министерството, а во натамошниот текст Советот на засегнатата општина, од листа која содржи најмалку тројца кандидати, предложено од страна на министерот, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини.

Не сакам да цитирам и понатаму, но моја цел е во утврдувањето на овој командир, на овој раководител на полициски станици, кои се назначуваат како командири на полициски станици, имам информација дека овој член е во спротивност со Анексот-Б точка 4 од Рамковниот договор. Затоа, во овој Анекс и тоа во точка 4 од Анексот не се говори за командир на полициска станица, туку за локален началник. Значи имаме терминолошки разлики. Но ова нема толку големо значење, колку што има значење содржината од аспект на надлежностите во однос на овластувањата кои ги имаат командирите на полициските станици или во друг орган кој може да се назначи на истиот начин.

Членот 24 би сакала да го цитирам. “За вршење на полициските работи што се однесуваат на обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница се формираат регионални центри за гранични работи и тоа: Регионален центар Југ со седиште во Кавадарци, Регионален центар Исток со седиште во Делчево, Регионален центар Север со седиште во Скопје и Регионален центар Запад со седиште во Охрид. Со Регионалниот центар за гранични работи раководи началник кој работите ги врши во полициска униформа”.

Моја цел е да ги набројам регионалните центри. Во овој член, кој се однесува на обезбедувањето на државната граница и на контролата, за што се формираат овие регионални центри што ги набројав, повторно доаѓа до израз нерегуларноста, односно недовербата од страна на предлагачот на овој закон во однос на албанското население. Едноставно ќе ви кажам дека постои албанофобија, бидејки како регионален центар на границата се одлучува да биде Охрид, кој не е типичен претставник на овој регион. Можеби го зеле предвид Охридкисот рамковен договор, но и ова не е образложено со овој закон. Повторно немаме можност да биде утврдено Кичево како регионален центар. Кој критериум не го исполнува овој град за да биде

регионален центар? Ова прашање се постави и пред другите пратеници на Демократската унија за интергација во нивниот мандат кога бевме во власт. Ова го констатирав во текот на мојата анализа на стенографските белешки кои ги имам прочитано. Но никаде не забележав дека добиле одговор околу ова поставено прашање. Ова го констатирав во текот на прелистувањето на овие стенографски белешки и ова е уште еден аргумент, според мое мислење, за вистината на нашиот народ, кој во оваа Влада како и порано кога бевме во позиција секогаш е третиран како опозиција. Ова се врши поради недоверба или поради политички причини. Сите сме свесни дека ова не е во ред, бидејки довербата е секогаш взаемна. Се додека едната страна нема доверба, што треба да чекаме од другата страна? А велиме дека градиме меѓусебна доверба, ког аниту еден регионален центар во ниту еден град во Западна Македонија немаме, и ако имаме градови кои ги исполнуваат сите услови, како на пример Кичево или Струга - зошто да не биде регионален центар, кога ги исполнуваат сите критериуми.

Членот 32 е еден член во кој се говори за можноста за ограничување на елементарните човекови права и ограничување на елементарните права на граѓанинот. Бидејки се мисли дека поимот “ограничување” е добро да не фигурира во овој член, бидејки се оценува дека полицијата може да примени постапки преку кои ќе се лиши или приведе граѓанинот. Мислам дека би било добро поимот “ограничување” да не постои воопшто во членот 32, а ниту во членот 33, за што констатирав дека се расправаше преку предложените амандмани во амандманската расправа во овој Предлог закон.

Значи во членот 33, а посебно во ставот 1, каде што се говори за начинот на легитимирање на граѓанинот, полицискиот службеник по барање на граѓанинот - ценам дека не треба да биде вака. Кој граѓанин ќе побара да се легитимира полицискиот службеник кога сеуште постои страв и предрасуди во однос на полицискиот службеник.

Членот 34 сакам да го поздравам и ние како пратеници од ДУИ, во текот на нашите дискусии во однос на тоа дали треба да се изгласа двојното гласање во однос на овој закон, значи дали да биде со Бадинтеровото начело или не, секако дека треба да се изгласа тоа да се прави со Бадинтерово мнозинство. Овој член треба да се донесе, но со поширок консензус, бидјеки со ова го имаме и Бадинтеровото мнозинство, во спротивно, немаме парламентарно мнозинство. Значи мнозинство според Бадинтеровото начело и нормално дека нема да има ни влијание.

Во текот на полициските овластувања, при употребата на овластувањата на полицијата при повикување и приведување, полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира тоа лице на кое му се обраќа, што значи дека полицискиот службеник знае кое лице каква национална припадност има бидејки го има неговото досие и сите податоци за тоа лице.

Затоа со овој член се предвидува да му се обрати на неговиот мајчин јазик. Ова е една работа која треба да ја поздравам, но овој член се предвидува и во други три члена кои се повикуваат на членот 34 што значи изготвувачот на овој Предлог закон не случајно го избегнал нагласувањето на овој член и во другите членови, бидејќи претходно го подготвил теренот да има поширок консензус во однос на донесувањето на овој Предлог закон. Се барало начин да се запостави механизмот на двојно мнозинство, значи Баденторовото начело. Ова не е добро за овој Парламент, ниту за Собранието.

Во членот 35 стои обврската на полициските командири редовно да ги информира и известува општинските совети во насока на безбедноста. Според ова, можам да констатирам и го искажувам моето мислење дека овој член треба да се дополни со друг став. Преку тој став треба да се нагласи дека полициските командири треба да подготват информација која треба да ја усвојат општинските совети.

Ова го велам, бидејќи на овој начин подобро ќе се спроведе операционализацијата на точката 4 од Анексот Б од Рамковниот договор.

Според членот 36 полицискиот службеник ги спроведува овластувањата по лична одлука, по налог на полицискиот службеник и други овластени лица во продолжение. Јас лично во овој став гледам едно дискреционо право за полицискиот службеник. Затоа мислам дека е доволен налогот на авторитетите, а не да донесе лична одлука.

Членот 43 е член кој говори за писмено повикување на граѓаните за информации, но не наведува на кој јазик треба да се напише оваа покана.

Овие работи се речиси уредени со сите правни акти како на пример Законот за управна постапка, Законот за кривични дела, Законот за финансиски дела итн. во сите овие закони кои ги спомнав, покрај другото, е уредено прашањето на употребата на јазикот во писмена форма во поканата.

Во ставот 2 од членот 43, писмената покана од ставот 1 на овој член содржи име и презиме на лицето кое се повикува, назив, место и адреса на седиштето на организационата единица на полицијата каде се повикува лицето, причини за повикувањето, место и време на повикувањето, како и поука за правото на бранител. Значи, постои правна поука за право на бранител во полициската постапка. Тука се наведени и евентуалните последици, доколку не се јави на поканата.

Во ставот 3 каде повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која било предупредено на можноста од присилно

доведување и тогаш своето недоаѓање нема да го оправда.

Според ставот 4 лицето кое ќе се јави на поканата или било присилно доведено, а одбило да даде известување, не смее повторно да се повикува заради истите причини.

Во ставот 5 каде лицето кое е повикано или присилно доведено се поучува за правата од членот 34 на овој закон како и за околноста дека истото не е лишено од слобода и откако ќе даде или одбие да даде изјава, може да си оди.

Во ставот 6 за повикувањето и извршениот разговор со повиканото лице, полицискиот службеник изготвува службена белешка. Значи, член кој предвидува насилно приведување во случај да не се отповика на повикот и не прецизира во кои случаи треба да се повикаат лицата на информативен разговор.

Со оглед на фактот дека многу од нас сме сведоци и добро знаеме дека овие информативни разговори се вршеле само во текот на комунизмот, бидејќи не можам да сфатам какви информативни разговори има денес кога граѓанинот ќе се повика на разговор. Треба јасно да стои поради кои причини се повикува, а во овој случај, во овој член, оваа прецизност отсуствува. Не можам да видам дека е наведено во овој член. Во последниот став каде не се наведува кое е правото на лицето во учеството на службената белешка која ја изготвува полицискиот службеник, кое е правото на граѓанинот кој е повикан на информативен разговор во однос на службената белешка.

Зборот ми е за психичкото малтретирање во текот на поставувањето на прашањата за некое дело кое го сторил или не го сторил, а обично има многу случаи за дела кои ги направил некое друго лице, а не повиканото. Од овие причини се интервенира со многу амандмани затоа што не се согласуваме со концептот на овој Предлог закон. Сигурно би било подобро информативните разговори да се снимаат затоа што сега имаме една совршена технологија и имаме можност овие разговори да ги снимиме и да имаме тонски запис за да им овозможиме на органите на власта да имаат појасна слика во однос на информативниот разговор. Истовремено и полицискиот службеник ќе биде повнимателен како ќе се одвива овој информативен разговор. Полицискиот службеник кога ќе знае дека разговорот се снима, има тонски запис, ќе биде внимателен во неговото дејствување. Како ќе се спроведе овој информативен разговор треба да имаме појасна слика. Овие работи не се предвидени во овој Предлог закон и често пати слушам дека ќе го надополниме со подзаконски акти. Зошто тогаш да брзаме кога се знае дека имаме доволно време.

Сега би кажала нешто за членот 47 посебно за првиот став каде се говори за приведување без писмена наредба. Тоа се предвидува или овозможува да се изврши во случај на идентитетот на одредено лице. Мислам дека овој став треба целосно да се избрише, бидејќи за ова доста расправавме кога беше амандманската расправа по однос на овој Предлог закон.

Во членот 49 - полицискиот службеник е должен лицето кое се приведува, пред приведувањето да го запознае со правата од членот 34 во овој закон. Значи, се повикување на членот 34.

Полицискиот службеник кога ќе го приведе лицето да го извести за причината на неговото приведување, бидејќи лицето кое е задржано, доколку не го разбере неговиот јазик, тој може да побара лекарска помош или друго објаснување. Имајќи ја предвид работата на еден полициски службеник и знаејќи дека оваа работа е многу деликатна, тој во дадениот момент лицето може да се почувствува лошо, говорам за полицискиот службеник и тој во дадениот момент може да отвори оган во однос на лицето на кое му се обраќа, а после да се оправда со зборовите дека бил загрозен од соодветното лице затоа е принуден да отвори оган и целиот случај да се објасни дека постапката на полицискиот службеник била во ред, без оглед дека ова лице можело да побара објаснување, помош или нешто друго. Вие упорно велите дека овој закон не е наменет за јазикот на граѓанинот, напротив овој закон за полиција е многу деликатен и чувствителен и тука има значење јазикот на странците кои живеат во Македонија, а не само на нашите граѓани од Република Македонија.

Со ова го искажувам моето мислење како и мислењето на многу пратеници кои велат дека во овој Предлог закон за полиција треба да има еден поширок консензус при неговото носење.

Во членот 50 каде се вели дека полицискиот службеник може да задржи лице за кое постои кривично дело под услов и начин што е утврдено со посебен закон. Сакаме да знаеме кој е овој посебен закон, љубопитни сме кој е тој закон кој влегува во употреба на овој став. Навистина имаме желба и потреба на кој закон се повикуваме по однос на овој член, за кој посебен закон се говори. Често пати овој рефрен сум го забележала при читањето на Предлог законот за полиција, во многу членови се забележува овој необјаснет простор.

Членот 51 говори за полициски овластувања и мерките кои треба да ги преземат полициските службеници во случај кога не се остварува ставот 1 од овој член. Се говори за мерки кои се наведени во ставот 2 каде е дозволено и уредено прашањето на кој начин и преку кои мерки или со кои средства за известување и на кој јазик ќе се спроведе овој став. Мислиме дека е запоставено прашањето на употребата на јазикот.

Во членот 54 полицискиот службеник ќе го предупреди лицето кое со своето однесување, дејствување или пропуштање на одредени дејствија може да ја доведе во опасност својата безбедност, безбедноста на другите лица или безбедноста на имотот, да го наруши јавниот ред и мир или да ја загрози безбедноста во сообраќајот на патиштата или кога оправдано се

очекува дека тоа лице може да стори или да предизвика други лица да сторат кривично дело или прекршок.

Овој член е во спротивност со горенаведените членови 34, 49 и некои други членови, бидејќи не се објаснува на кој јазик ќе му се обрати на лицето, во случаи кога не се почитува јазикот на странецот кому се обраќа полицискиот службеник. Овој ќе се повика на членот 54, кој член го поверува полицискиот службеник бидејќи предлагачот на овој член од овој Предлог-закон неслучајно го има изготвено на овој начин овој член.

Понатаму, членовите каде што се предвидува јазикот на странците и нашите граѓани, фактички тоа ќе се злоупотреби бидејќи полицискиот службеник, на полицискиот службеник тоа му го овозможува. Затоа искажувам мое незадоволство во однос на овој Предлог-закон за полиција.

За членот 56, да кажам дека за овој член кој ги исполнува стандардите на европските држави, но јасно се гледа дека остава простор самиот полициски службеник да не ги почитува правата на граѓаните. Затоа, уште еднаш ќе кажам дека во целост овој Предлог-закон има простор за многу манипулации. Неслучајно Хелсиншкиот комитет ни има упатено многу забелешки во однос на овој Предлог-закон за полиција.

Членот 60, за овој член расправавме доста. Особено за ставот 2 и поради тоа не сакам да ви одземам време и да расправам во врска со него.

Но, имам мои забелешки во однос на членот 63, поради што го поставувам следното прашање: дали ќе се почитува двојазичноста во општините каде службениот јазик е албанскиот јазик, како на пример во Студеничани или Липково? На кој јазик ќе се применува овој член, член 63 во овие општини, со оглед на вактот дека во овој член не се предвидува нешто вакво? Доколку некој мисли дека јазикот на локално ниво е само советниците да говорат на нивниот мајчин јазик, јас мислам дека грешат. Многу грешат, бидејќи ова право сме го имале секогаш, без оглед на која етничка заедница им припаѓаат и на нивниот број. Официјалниот јазик треба да се официјализира со овој Предлог-закон, кое нешто не се случува, ниту пак се предвидува нешто слично.

Членот 64, би сакала да го цитирам “Полицијата е овластена јавно да распише награда за дадено известување заради откривање и фаќање на сторител на кривично дело, пронаоѓање на исчезнати лица и други оправдани случаи, кога известувањата од граѓаните се потребни заради вршење на поолициските работи”.

Го нагласив само овој дел од овој член, бидејќи ја гледам отребата за употреба на јазикот. Доколку навистина се мисли дека граѓаните треба да дадат свој придонес, како граѓани, тогаш треба тука на тоа да се мисли. Во овој член и во овој став треба да се предвидат, сето ова да биде на јазикот на граѓаните, тие да го разберат тоа за да соработуваат. Но, ова недостасува во овој член.

**Љубиша Георгиевски:** Дали завршивте?

**Зумрете Јакупи:** Малку ќе почекате, бидејќи треба да средам некои документи, затоа што брзо доаѓа.

**Љубиша Георгиевски:** Сакате пауза?

**Зумрете Јакупи:** Добро, ќе се јавам повторно.

**Љубиша Георгиевски:** И тоа е решение.

Реплика има Авировиќ Владанка, која се јави за реплика уште првиот пат. Јас мислев дека барате збор, се извинувам.

Повелете, имате три минути.

**Владанка Авировиќ:** Многу внимателно ја слушав колешката и во текот на вчерашното и на денешново излагање имам една забелешка во поглед на нејзиното излагање, дека со овој закон децентрализацијата само формално се спроведува.

Колешката треба многу повнимателно да го прочита членот 24 каде што советите, за прв пат со овој закон за полиција, го избираат командирот на полициската станица со мнозинство на гласови од советот. Што значи, драга колешке, ако на пример во Тетово, во Гостивар или било каде, во Струга, имате избор на командир со мнозинство, од советот ќе го изберете командирот на полициската станица. Тоа значи дека не се работи за паушално, туку навистина за реално пренесување на овластувањата. Со овој закон се придонесува за конечно децентрализацијата навистина да почне да функционира и во овој сектор. Не би го прифатила вашиот исказ дека се работи за една формална децентрализација.

Што се однесува до вашите забелешки на останатите членови, каде што се врши приведување, овластувањата се спроведуваат по однос на лицата за кои што има прогон, би замолила убаво да го прочитате членот 34 каде што тој важи за целиот закон за полиција. Ние не можеме во сите членови од овој закон да укажуваме што се е должно лицето кое врши постапка по овластување, да го прераскажуваме. Законот за полиција не е расказ од Гогољ па ние во сите членови да го ставаме членот 34.

Апелирам до вас, во однос на вашиот исказ дека законот го донесуваме за инает и дека е ова “перфидна игра на Македонците и од опозицијата и од позицијата”. Вие до вчера учествувавте многу активно во донесување или приближување на вашите ставови на овој закон и затоа не прифаќам таква класификација за Македонците дека сме перфидни. Би ве замолила понатаму да не го употребувате тој збор.

Ве упатувам дека членот 33 е променет, што значи дека задолжително овластеното лице се легитимира. Во текот на постапката, со амандмани го прифативме тоа. Вие не сте во тек со тој амандман. Затоа не би требало да го употребувате, она што го кажавте во однос на членот 33.

Исто и за редовното информирање . Советот, од страна на командирот, редовно ќе биде

информиран. Секогаш кога советот на општината ќе побара, командирот е должен да даде информации. Тоа е едно автоматско задолжение што се дава на командирот. Би ве замолила, во однос на информациие...

**Љубиша Георгиевски:** Времето ви истече, но сепак завршете ја реченицата.

**Владанка Авировиќ:** Во однос на членот 25, би ве молела добро да го прочитате, затоа што советите имаат овластувања, секогаш кога ќе побараат, командите да даваат било какви информации.

**Љубиша Георгиевски:** Јакупи Зумрете, контра реплика една минута, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ќе бидам кратка и јасна. Според децентрализацијата и според овој Предлог-закон, каде ги гледате надлежностите на локалната заедница во работата на полицијата? Кои ингеренции и надлежности се дадени на полицијата, на претседателството на полицијата, на раководството на полицијата, а не на локалната самоуправа. Тоа е прво.

Второ, во однос на јазикот, мислам дека во многу членови треба да се наведе јазикот на граѓание, бидејќи сите ние знаеме дека овој Предлог-закон е со многу недоречености, каде не се наведува употребата на јазикот. Овде доаѓа во спротивност, биејќи ова е наменето на граѓаните. А, како ќе се обратат на граѓаните кога тие нема да го разберат полицаецот.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Истовремено ве оздравувам сите присутни колеги, мене, во прв ред, морам да кажам дека ми е жал, навистина, затоа што оние кои го изготвиле овој Предлог на закон или не се присутни во салата или воопшто не учествуваат ниту во расправата што треба да се одвива тука за да го потврдат, на некој начин, да го афирмираат овој Предлог на закон. Затоа што навистина има членови што треба да бидат афирмирани. Така што изготвувачите на овој Предлог-закон, во текот на целото време, уште еднаш ќе кажам, не ги гледаме тука во салата или пак не учествуваат во расправата, нешто што не е добро за самиот Предлог на закон, за да им се објасни на граѓаните дека не е само тој, не е само делот на кој што ние имаме забелешки. Мислам на нас, пратениците од ДУИ. Но, има членови што навистина заслужува да се говори за нив. Како и да е, тоа е нивна политичка проценка дали ќе учествуваат или нема да учествуваат во расправата околу овој Предлог-закон.

Истовремено уште еднаш ќе го нагласам тоа што сум го кажал и порано дека го разбирам сегашното мнозинство или парламентарното мнозинство за тоа зошто не е во состојба да го афирмира или брани овој Предлог на закон. Велам дека го разбирам мнозинството и не сакам да говорам понатаму зошто, затоа што навистина јасно им е и на граѓаните дека нешто што не е твој роизвод е многу тешко да го браниш. Токму тоа е во прашање. Тоа е она што се случува во текот на сите овие денови на седниците што се одржуваат тука во Собранието.

Меѓутоа, тоа што е загрижувачко во овој Предлог-зако, меѓутоа и поради пристапот што го има оваа Влада, ова мнозинство е нешто што кажа еден македонски новинар во еден дневен весник на македонски јазик што нема да го цитирам збор по збор, меѓутоа ќе се обидам да ја извадам само смислата на она што тој го кажа, дека Македонија може да функционира како држава само доколку има меѓуетнички проблеми. А Македонија, вели новинарот, може да постои како држава само доколку ги има меѓуетничките проблеми. алудирајќи на Албанците.

Доколку пристапот на предлагачите е таков наместо да ги решиме проблемите ние создаваме проблеми таму каде што ги нема е токму ова, тогаш Турците имаат еден збор “аферим”.Меѓутоа тоа не е во интерес на граѓаните, како што би рекол јас.

Доколку навистина е тоа што го кажува македонскиот новинар, дека Македонија може да постои само доколку има проблеми со Албанците, мислам дека е тоа погрешна теза. Ние треба да ги решиме проблемите меѓу заедниците, навистина да создадеме клима на бизнис, клима на градење на држава што би била демократска, клима со која би можело да се инвестира во Република Македонија, не само странски туку и домашни бизнисмени да можат да инвестираат во Република Македонија. Затоа што имајќи ги овие проблеми, иамјќи го овој пристап на Владата, длабоко сум убеден дека и домашните бизнисмени ќе почнат да избегнуваат инвестирање во земјава. Тоа е она што не е во интерес ниту на оваа Влада, ниту на граѓаните кои живеат во Република Македонија, независно од тоа на која заедница тие припаѓаат.

Така што, јас внимателно го прочитав Предлогот на закон. Некои забелешки што сме ги направиле во првата фаза, ние, како парламентарна група, ДУИ, тие се вклучени, инкорпорирани во законот и се составен дел на законот. Меѓутоа, јас ќе прочитам, колку да ги потсетам, затоа што оние кои го изготвиле законот знаат, но сигурно и сегашното парламентарно мнозинство треба да знае дека ние сме ги забележале овие недостатоци и сме изготвиле тогаш амандмани за да ги поднесеме. Меѓутоа, законот не дојде во парламентарна процедура, оради несогласувањата што ги имавме околу концептот на овој Предлог на закон.

Според тоа, ќе почнам со членот 16, последната алинеја, затоа што првата алинеја се забелешките што ги поднесовме ние, што е добро што се прифатени тие забелешки. Каде што се вели дека со Бирото раководи директор, кого, на предлог на министерот, го именува и разрешува Владата на Република Македонија, за време од четири години. Меѓутоа, последниот став каде што се вели дека директорот може да биде

разрешен на негово барање, кога е осуден за извршено казнено дело со казна затвор однајмалку шест месеци или пак заради вршење на работата на неодговорен начин и непрофесионален начин. Ние тогаш сме предложиле друга алинеја или став, што ќе го прочитам на макаедонски јазик, но тоа не е дел од законот. Не е инкорпориано во овој закон:

“Директорот има заменик кој директно му помага во извршување на работите и врши задачи делегирани од него. Заменикот на директорот се избира и разрешува по истата постапка како и директорот”.

Сигурно дека се поставува прашањето зошто треба директорот и заменикот директор да се именуваат од Владата, а не како што е предвидено со овој Предлог на закон, директорот да има помошник директор, а не заменик директор. Затоа што помошниците директори се знае дека не се именуваат од Владата. Тие се именуваат од самиот директор. Нашата забелешка била, затоа што навистина би било подобро и дури тогаш ќе имавме вистинска транспаретност и во текот на именувањето на директорот и на заменик директорот и во текот на нивното разрешување. Истовремено и граѓаните ќе имаат поголема доверба кон оаа управа. Затоа што се именуваат две лкица од страна на Владата, лица кои поднесуваат сметка пред Владата, каде што можностите за нивна злоупотреба на задачите се многу помали.

За жал, оваа наша забелешка тогаш не беше прифатена. Не стана составен дел од законот и не случајно предлагачот на овој Предлог-закон не предвидел заменик директор, туку се предвидуваат помошници директори кои што потоа, сигурно ќе се применуваат со систематизацијата на Деловникот за работа внатре во Министерството за внатрешни работи и т.н. Меѓутоа, уште еднаш ќе нагласам, дека,интерес на сите граѓани е да има заменик директор а не помошник директор.

За членот 19, јас сум говорел на минатата седница и нема да ви одземам многу време. Ќе го прочитам и ќе кажам која била нашата забелешка која што ниту во првата фаза не стана составен дел од законот и сега не е составен дел од законот вели:”...од полициските единици формирани согласно со овој член се определуваат со закон”.

Го замисливме ова вака затоа што за овој член се говореше многу во текот на овие денови и не случајно ни се случило, и сите сме сведоци дека и воената подготовка што ја имале посебните единици, некои од нив, освен униформите, ниту оружјето не го вратиле во соодветното министерство, бидејќи ова не се предвидува со закон, освен другите забелешки што сме ги поднеле за овој член, значи, кога овие специјални единици ќе се демобилизираат. Не говорам за тоа дека овој член носи многу забуна, тоа што сум го кажал на минатата седница дека не се предвидува со овој Предлог-закон да се запознаат и известат повисоките државни органи, и мислиме дека оваа работа не е во ред.

Исто така, ќе прочитам уште еден амандман што сме го изготвиле за членот 20, сега, бидејќи тогаш беше член 19. Вели-и Кичево, со седиште во Кичево, за вршење на полициските работи на подрачјето на општина Кичево, Осломеј, Зајас, Другово, Дебар, Дебарца,Вевчани, Вранешница, Центар Жупа, Струга. Значи, го читам член 20 од овој Предлог-закон затоа што тогаш беше член 19 или пак точка 2, вели - Битола, а се бришат зборовите Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод, Пласница, Ресен.

Во точката 5 Секторот за внатрешни работи-Охрид, се бришат зборовите Кичево, Осломеј, Зајас, Другово, Дебар, Дебарца, Вевчани, Вранешница, Центар Жупа и се додаваат зборовите Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод, Пласница, Ресен и т.н. Ова се тие предлог-амандмани кои што сме изготвиле за да ги поднесеме за Предлог-законот, се разбира во минатиот парламентарен состав, бидејќи сега ние не бевме во Собранието и токму поради тоа и не поднесовме амандмани.

Исто така, сме изготвиле амандман на член 22 од тогашниот Предлог-закон, сега е член 23 од овој Предлог-закон, затоа што актуелната Влада направила некои измени, да кажам малку го нашминкала овој закон, меѓутоа нема некои коренити корени. Јас ќе го прочитам и членот 23, за тоа кои забелешки ги имаме односно сегашниот член 23 од Предлог-законот кои забелешки сме ги имале на истиот тогаш.

Во членот 23 се додава нов став кој гласи - На полициската станица од општа надлежност во општините во кои на денот на влегување во сила на овој закон, нема полициска станица од општа надлежност, раководителот на полициската станица од општа надлежност ги информира редовно, на барање, советите на општините кои ги опфаќа полициската станица од општа надлежност.

Зошто сме замислиле вака? Затоа што овој Предлог-закон донекаде го уредува ова прашање, меѓутоа, не се уредува така како што треба.

Исто така , член 24, или пак од тогашниот Предлог-закон член 23, сме замислиле дека треба да се додадат уште неколку членови, тогаш сме замислиле да има член 23-а,член 23-б, или пак сега би било 24-а и 24-б. Јас ќе го прочитам исто така на македонски јазик тоа што сме го изготвиле тогаш, да го поднесеме како амандман.

член 24-а - Раководител на полициска станица се избира за мандат од 4 години. Мандатот може да престане во еден од следните случаи:

1.Ако настане смрт;

2.Ако поднесе оставка;

3.Ако министерот го користи правото од член 24 став 6, последниот став;

4.Кога здравствено не е способен да ја извршува функцијата подолго од 6 месеци;

5. Кога против него се води кривична постапка;

Членот 24-б, според нас, би требало да биде вака: - Го користи правото од член 23 став 6 во еден од следните случаи:

1. Раководителот на полициска станица од општа надлежност врши кривично дело, казниво со закон;

2. Раководителот на полициската станица од општа надлежност одбива да изврши наредба;

3. Ако советот на општината, што ние цело време зборуваме за тоа дека советите на општините немаат надлежност, токму во точката 3, тогаш сме предлагале, ако советот на општината каде има седиште полициската станица, не го усвојува извештајот за работа на раководителот на полициската станица од општа надлежност;

4. Ако најмалку две од општините не го усвојуваат извештајот

Сме го замислиле вака затоа што има полициски станици, а имаме општини кои немаат полициски станици и вели - разреши во случај два пати едно по друго, да не се усвојува извештајот.

Кога министерот ќе го користи правото од член 24 став 6, ја информира Владата на Република Македонија, Народниот правобранител и Комисијата за безбедност на Собранието на Република Македонија. Со ова тогаш ние сме мислеле дека навистина ќе се обезбеди таа транспарентност, што го нема во овој закон тоа.

Понатаму вели - По одлука на министерот, на првата седница ќе се избере раководител на полициска станица кој ќе ги врши задачите привремено, додека се избере раководител, согласно член 24.

Исто така сме изготвиле амандман на член 25. И тоа ќе го прочитам на македонски јазик и потоа ќе ги коментирам овие работи.

Член 25 требаше да биде вака: - Во ставот 2 се заменуваат зборовите “заради градење доверба” , со зборовите “со цел зајакнување и координација на соработката меѓу полицијата и локалното население”.

Исто така во членот 96, тогаш беше член 92, кој ќе го прочитам на македонски јазик. Вели: - Со законот за полиција се обезбедува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, како и да се почитуваат критериумите на стручност и компетентност. Што значи и овој дел не е инкорпориран во овој Предлог-закон.

Исто така имавме уште еден амандман, изготвен за членот 96 од тогашниот Предлог-закон, додека сега е член 100 кој исто така ќе го прочитам на македонски јазик. Тој амандман не е прифатен од тогашната влада, не е прифатен ниту од сегашната Влада.

Во членот 100, после став 1 се додава нов став кој гласи: “Припадниците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, при вработување во полицијата, ќе ја потпишат изјавата на јазикот што го зборува нивната заедница”.

Значи, тоа се некои забелешки за кои сегашното мнозинство сакам да го потсетам дека ние имаме начелна политика, водиме начелна политика и нашите дебати и расправи не се само за одземање на времето, туку навистина и тогаш и сега нашите расправи биле заради интересот на граѓаните, во служба на интересите за донесување што е можно подобар закон, закон кој ќе наиде на целосно имплементирање во нашата земја. Тоа ќе беше интерес за сите граѓани, а не ние да молчиме и само да усвоиме еден Предлог-закон за да им се каже на граѓаните, еве ние го донесовме законот за полиција, колку да се каже на меѓународниот фактор, еве ние исполнивме уште една обврска каква што се бара од нас и т.н.

Почитувани господа бидете убедени дека и меѓународниот фактор ги следи овие седници, ги следи нашите забелешки и доколку овој Предлог-закон се испрати ваков во Брисел или Стразбур, бидете убедени дека ќе има дополнителни забелешки, било од Брисел или Стразбур, или пак некој друг центар. Велам ќе дадат свои забелешки затоа што навистина овој Предлог-закон не е со тие европски стандарди кои се бараат од нас. Затоа, ние мислиме дека е подобро да се дебатира, да се дадат забелешки, а не да се молчи, а потоа уште еднаш да ја ставиме пред испит целата држава, или пак Собранието, дека треба да се направат измени и дополнување на веќе донесениот закон за полиција и т.н., затоа што секогаш, ние што се занимаваме со политика, знаеме да ги направиме овие работи дека треба, еве уште една измена, па уште една измена и т.н. Тоа го велам затоа што искуството е многу горко.

Ние и кога го донесувавме Законот за просторно планирање сме имале многу забелешки, дури Законот го враќавме повторно во прва фаза, иако беше наш министер на чело на Министерството за транспорт и врски, затоа што сме виделе односно сме имале многу забелешки исто како што имаме и сега. Добро е што овој Закон се врати назад и тој се докомплетира така како што треба.

Исто така сме имале големи забелешки и по Законот за децентрализација, односно законите за децентрализација. Еден од тие закони е Законот за земјиште каде сме имале забелешки. Меѓутоа, тогашното мнозинство, велам мнозинство затоа што ние бевме во коалиција. Тоа мнозинство немаше сенс или чувство да ги прифати некои наши забелешки и тој Предлог-закон за управување со земјиштето се донесе така како што се донесе, меѓутоа, еве веќе денес имаме проблеми во општините или пак во Министерството за транспорт и врски затоа што земјиштето на општините, меѓутоа општината нема право да владее со земјиштето, или пак да ги изготви тие просторни планови и нормално, да им понуди на граѓаните да можат да вршат бизнис, или пак општината да има развоен план

кој би бил подобар. Сега во тоа министерство се случува, општината да изготви план, меѓутоа земјиштето го продава Министерството за транспорт и врски, независно од тоа каде се наоѓа тоа земјиште, дали Гевгелија, Дебар, Струга и т.н. Или пак Охрид и Струга се градови кои имаат среќа да го имаат Охридското Езеро, меѓутоа не можат да управуваат со плажите. Значи, треба некој од Министерството за транспорт и врски да им даде надлежност. Истото нешто се случува и со законот за полиција. Токму поради тоа ќе нагласам дека е заеднички интерес овој Предлог-закон да се повлече, да седнеме заедно со стручни и професионални групи, да ги дадеме нашите забелешки по овој Предлог-закон и навистина тоа што го кажа и претходниот говорник, мојата колешка пратеник дека на перфиден начин, не на албанците, на сите началници и општински совети, на сите полициски началници, независно дали е Струмица, Битола, Охрид или Струга, не им се даваат надлежности на началниците. Јас би сакал некој да излезе и да ме демантира, да каже дека со овој Предлог-закон се предвидени надлежностите на началниците на полицијата, или пак некој пратеник од мнозинството тука што секогаш го спомнува Охридскиот договор, анекс Ц, каде се спомнуваат началниците на полицијата. Не случајно се спомнуваат. И во овој Предлог-закон имаме началници на полицијата, меѓутоа вистината е дека тие немаат надлежности. Надлежностите се даваат на раководителите на секторите. Тоа е реалноста. Тука е тоа што на перфиден начин се иззема локалната власт од една надлежност, а сигурно дека тоа не е интерес ниту на албанците, ниту на македонците. Началниците на полицијата ги немаат тие надлежности што би требало да ги имаат. Токму за тоа и велам дека имаме концептуални разлики во овој Предлог-закон. Секако дека тие забелешки што сме ги кажале за употребата на јазикот, не е доволен само член 34. Јас во минатата расправа спомнав и некои други членови кои се непосредно поврзани со полицискиот службеник кој има контакт со граѓанинот, во општините, како што е Липково, Студеничани, Сарај или пак Гостивар, каде што задолжително во тие случаи, или пак во деликатни моменти треба да му се обрати на јазикот на тој кај кого треба да се изврши преведувањето. Меѓутоа, неслучајно се оставаат тие членови, не се нагласува членот 34. Неслучајно се прави тоа, затоа што полицискиот службеник утре и со полно право не е принуден да дејствува според член 34.

И тука е тој простор кој што се остава и утре нема да е виновен полицискиот службеник, вината е наша, ние кои што ќе го усвоиме, или пак ние кои што не ги согледуваме навреме, или пак не сакаме да ги согледаме пропустите и аномалиите кои што се во овој Предлог закон. Така што навистина би сакал да излезе некој од мнозинството да ме демантира со забелешките кои што ги даваме, значи одиме член по член и ги даваме за Предлог законот. И не е тоа што се вели од некои пратеници од мнозинството дека ние дебатираме долго само заради опструирање на законот. Значи тоа не е нашата цел. Доколку нашата цел беше тоа, ние тука ќе читавме весници како госпоѓа Силвана Бонева која што читаше во текот на донесувањето на Законот за Тетовскиот универзитет, или пак Спиро Мавровски и Аднан Ќахил и многу други кои што се дел од ова мнозинство сега. Јас се извинувам на господинот Спиро Мавровски кој што не е тука и не е добро да го спомнам тука, или пак ние не читаме тука нечии колумни. Ние навистина како парламентарна група имаме начелен пристап, принципиелен пристап и сеуште одиме член по член и ги даваме нашите забелешки. За овие забелешки кои што ги даваме ние можам да кажам дека не ги даваме во интерес на една заедница, туку во интерес на сите граѓани. Јас сум свесен дека и ние што сме биле тогаш на власт и тогашната власт, или влада, тој состав и тоа мнозинство често пати кога сме разговарале меѓу себе ни било кажано: зошто вие инсистирате да се дадат толку надлежности и ингеренции на локалната власт, кога вие не сте во локалната власт. Сигурно дека истото се прави и сега од страна на сегашното мнозинство. Се мисли сега кој е во локалната власт, значи кој има повеќе општини дали ВМРО-ДПМНЕ или ДУИ, ајде да не им дадеме ингеренции на локалната власт, затоа што ДУИ е на чело на локалната власт. Меѓутоа, ние заборавме дека законите не се носат само за ВМРО-ДПМНЕ, или пак за СДСМ, или пак за ДУИ, ниту пак за другите партии. Законите се донесуваат за граѓаните, тие се донесуваат и ќе останат и откако ние нема да бидеме во овие клупи, или пак ќе дојде некое сосема поинакво мнозинство, ќе дојдат сосема поинакви партии кои што сеуште не се ни основани. Меѓутоа, законите и нашата работа ќе останат и понатаму, доколку донесеме добри закони, сме оставиле нешто добро позади нас за некој да го наследи тоа. Доколку не донесеме добри закони, ние ќе ги пренесеме проблемите на една друга гарнитура која што ќе дојде после нас и доколку нашата намера е тоа што го кажав на почетокот на реченицата, значи во мојот вовед, доколку целта на оваа Влада и на ова мнозинство е на перманентен, постојан начин да имаме проблеми тука и политички и меѓуетнички проблеми, тогаш мислам дека навистина целта не е добра, или пак намерата не е добра. Кога некој човек, или некое политичко раководство нема добра намера не само што се осудува од народот, затоа што од народот ќе дојде многу брзо таа осуда, или таа казна, туку ќе се казни и од Господ, затоа што нас не избрал некој, ние сме дојдени тука со причина. Оваа политичка зрелост јас не ја гледам кај ова мнозинство кое што денес седи на овие фотелји во Собранието. Не ја гледам таа зрелост затоа што со ништо не дале придонес навистина и тие да излезат пред својот електорат, пред своето гласачко тело и да им го објаснат Предлог законот за полиција и да кажат зошто го презеле од минатиот парламентарен состав, го препишале

текстот и кои се приоритетите на овој Предлог закон и зошто ја даваат подршката на овој Предлог закон. Јас пак ќе констатирам дека ги разбирам, затоа што не е доволно еден Предлог закон да се прочита истиот, туку тој треба и да се разбере, треба да се разбере суштината на тој Предлог закон. Затоа што еден предлог закон ако што е Предлог законот за полиција, или пак за војската, на крајот на краиштата е многу тешко и да се разбере, затоа што е во однос на внатрешното командување внатре во овие две министерства. А секој пратеник, или пак секој граѓанин на крајот на краиштата не е ниту обврзан, ниту пак може да го разбере начинот на командувњето, итн. Токму поради тоа е и тоа што еден голем дел од пратениците не учесвувале во расправата. Исто така, многу начелна забелешка сме направиле на Предлог законот во делот на резервниот состав на полицијата кој што ќе се повика во вонредни случаи, или пак во случаи кога навистина министерот, или пак Владата ќе проценат дека треба да се повика резервниот состав на полицијата. И во тој дел не се ни предвидува членот 34, не се ни предвидува како ќе се направи демобилизацијата на тие сили, во тој дел не се ни предвидува етничкиот состав, нешто што за нас е многу значајно. Не е во интерес на некој, независно од тоа кој ќе биде претседател на Владата или пак министер за внатрешни работи да во Струмица ги однесе 2.000 Албанци и да нема правична застапеност, затоа што таму има нереди, или пак да ги однесе во Гостивар како што се случи во минатото. Значи, 2.000 Македонци да ја уредат состојбата таму. Не се предвидува во резервниот состав на полицијата, значи кога ќе се повикаат не се предвидува правичното и соодветно застапување. Ние молчиме и велиме дека Предлог законот е добар. Јас навистна не знам кои аргументи или какви аргуменит треба ние да понудиме, вам да ви понудиме како мнозинство и навистина да ве убедиме и вие да согледате дека овој Предлог закон навистина има многу аномалии. И токму поради тоа ние не даваме подршка на овој Предлог закон, ниту сме дале во минатиот парламентарен состав, тоа нема да го направиме ниту сега во овој парламентарен состав, бидејќи тоа е доста нормално, затоа што нашите убедувања се дека не е добро да се усвои закон со кој што ќе се оштети во прв ред државниот интерес на Македонија, ќе се оштети националниот интерес на сите граѓани тука, ќе се оштети и она што е наш интерес што навистина треба да чекориме кон интеграцијата во НАТО и треба да чекориме кон интегрирањето во Европска унија, иако и на птиците им е јасно дека оваа Влада го нема тој капацитет и не случајно изјавите, изјаснувањата на највисокиот врв на оваа Влада се, дека не оваа година, следната година, а следната година сигурно ќе кажат: следната година ќе бараме да добиеме покана за влез во Европска унија итн. Сигурно дека утре ќе излезе некој претставник од мнозинството, или пак од највисокиот врв на Владата и ќе каже дека ДУИ го спречи донесувањето на Законот за полиција и со тоа Македонија не доби покана за почнување на разговори, преговори за рамноправна членка во Европска унија. Ние можеме секогаш да изнајдеме алиби и покритие, политичко покритие. Меѓутоа, јас го прашувам мнозинството, што направија тие навистина да обезбедат политички и меѓуетнички консензус за донесувањето на овој Предлог закон, за да обезбедат еден Предлог закон кој што сигурно ќе имаше некоја забелешка од експертите во Европска унија, меѓутоа не Предлог закон како овој кој што ние под секој услов се обидуваме да го донесеме, а утре да ни се врати назад, овој Предлог закон затоа што ни се дадени забелешки било од ОБСЕ на време, или пак ни се дадени забелешки од Хелсиншкиот комитет, или пак другите здруженија. Меѓутоа, ние не сме имале политичка волја да ги инкорпорираме во овој Предлог закон. И токму поради тоа ние треба уште еднаш да го земеме на дополнителна доработка овој Предлог закон. Јас мислам дека и тоа што се вели од претставниците на Владата дека овој Предлог закон треба да се усвои, да се донесе, а потоа во текот на една година ние ќе направиме измени, или пак дека има простор да се седне и да се разговара и да се измени некој член од овој Предлог закон, а потоа по една година ќе влезе во сила овој Предлог закон. Значи не влегува веднаш во сила. Напротив, мислам дека ние треба да донесеме добар закон кој што не после една година, туку после три месеци, или после шест месеци најдолго треба да влезе во сила, затоа што ние, повторно ќе нагласам, со ова ја оштетуваме локалната власт. Јас сум свесен дека децентрализацијата е процес. Меѓутоа, свесно, така како што ние правиме да се одолговлечи да се пренесат надлежностите на локалната власт, тоа не е во ред. Велам, не е во ред, затоа што ние си штетиме самите себеси, ги штетиме процесите кои што во минатиот владин мандат во кој се имитираше многу и не случајно сите странски дипломати кои што дошле во текот на 4-те години тука спомнале дека патот за влез кон Европска унија поминува низ Охрид. Низ Охрид не поминува патот за влез во Европска унија, меѓутоа сигурно поминува низ Куманово и тргнуваме кон Србија и понатаму. Меѓутоа, тие алудирале на Охридскиот договор. На сите ни е јасно тоа дека Охридскиот договор треба да се почитува, бидејќи Охридскиот договор треба да се имплементира од точка до точка. Меѓутоа, гледам дека тука некој секогаш се повикува така како што треба, дека Охридскиот договор вели вака и тоа го гледа од свој аспект, меѓутоа не го гледа од еден сосема поинаков аспект. Ќе ве потсетам дека Охридскиот договор беше договор, рамка за спречување на војната во 2001 година. Меѓутоа, Охридскиот договор не може да биде пречка за етничките заедници за тие да не ги уживаат своите права, кои што им припаѓаат. Велам, не може да биде пречка, напротив Охридскиот договор треба да биде позиција од која што треба да тргнеме навистина сите проблеми што сме ги

имале во минатото, меѓуетничките проблеми да се решат.

Јас повторно ќе кажам дека вие може, велам може, затоа што имате 61 глас и вие може да го донесете ваквиот Предлог закон така како што се донесе и Уставот во 1991 година. Меѓутоа, не е добро затоа што се говори за закон кој што е многу чувствителен. Ние албанците имаме горко искуство со полицијата. Имаме горко искуство токму не со лицата кои што биле во полицијата, туку токму затоа што во Република Македонија постоеле вакви предлог закони. И ова е препис, или копија од поранешниот Закон за полиција на Република Македонија кога била во поранешна Југославија. Понуден е со мали измени на Собранието. И не случајно ни се случиле сите тие работи во минатото така како што ни се случија и јас не сакам да се вратам назад да се навратам на тоа токму поради тоа што не сме усвојувале закони барем од 90-тите години од осамостојувањето на Република Македонија наваму, закони кои што би биле попрецизни и закони кои што ќе бидат и во служба на граѓаните, меѓутоа кои ќе бидат и компатибилни, или пак ќе бидат со стандардите на Европската унија кои што не сакам сега да ги набројам. Затоа почитувани господа ние и понатаму ќе расправаме, ќе дебатираме затоа што сме убедени дека нашата расправа, нашите аргументи, сето она што ние го велиме наидува на глуво уво. Што значи, ова мнозинство нема политичко чувство, нема политички сенс и тоа што една парламентарна група се обидува навреме да понуди на ова мнозинство, велам, да понуди за да се донесе еден подобар закон. Јас би ви кажал, затоа што на крајот на краиштата тоа е ваш проблем како вие ќе се однесувате. Во иднина немојте да ги обвинувате пратениците од ДУИ, бидејќи ова што го прават не го прават во интерес на Република Македонија, или пак на граѓаните на Република Македонија. Напротив ние сме длабоко убедени дека сите граѓани независно на која заедница и припаѓаат со забелешките кои што ние ги даваме на овој Предлог закон тие добиваат, а не губат.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да ви се заблагодарам за говорот господине Алити, а сосема во интерес на вистинат и за оние што не ги гледале сите седници треба да кажам како човек што ги води седниците, дека министерот Јанкуловска за сите овие 20 дена една минута не паузираше од ниту една седница. Според тоа, предлагачите на законот се тука во својата најеминентна верзија.

Реплика три минути Анета Стефановска.

Други реплики кој има? Стефановска, Петров Горан, три минути Катерина Димеска, три минути. По тој ред ќе одиме, со тоа што секој ќе добива реплика и на секоја реплика, контрареплика ќе добива, ако посака и господинот Алити.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сакав токму тоа да го кажам. Прво, дека предлагачот цело време е тука присутен. И уште да додадам дека не само што го објасни законот на многу добар начин предлагачот, односно претставникот на предлагачот госпоѓата магистер Гордана Јанкуловска, министер за внатрешни работи, објасни по кои критериуми, кои учествуваа во донесувањето на законот. И мислам дека на секоја дискусија нема потреба да објаснува понатаму и да го брани текстот на законот, бидејќи на сите ни е доделен и добро го читаме, сите го имаме пред нас.

Втората работа за која сакав да реплицирам е во врска со тоа што последниот дискутант кажа дека, не бевме во Собранието и затоа не поднесувавме амандмани. Значи, ако знам јас дека возот ми заминува во 19,00 часот, ако си одам во 21,00 часот, нормално ќе ми замине возот. Одговорот е тој во правна форма. Значи, вие законскиот рок за поднесување на амандмани го пропуштивте и сега дискусијата ја усмерувате и се гледа целта дека сакате само да одолговлекувате со своите дискусии и да ги читате амандманите за кои што помина рокот за нивното поднесување.

“На перфиден начин се иззема локалната власт”. Сакам да ми одговори дискутантот, кој е тој перфиден начин? Не знам кој е тој перфиден начин што го прави ова Собрание.

И понатаму кажа дека госпоѓата Силвана Бонева дека читала весници. Јас знам дека во претходниот состав госпоѓата Силвана Бонева беше прогласена за една од најактивните претеници и постојано учествуваше во сите дискусии. Така што целата јавност доволно ја гледаше и не држи место да ја меша госпоѓата Силвана Бонева дека читала весници.

Имам уште многу работи да реплицирам, но ќе останам само на овие работи.

**Љубиша Георгиевски:** Контрареплика господинот Алити, една минута.

**Рафис Алити:** Благодрам за репликата што ни ја дадовте, затоа што навистина има реплика тогаш можеме да се дообјасниме. Сигурно пратеничката добила 100-тина гласови од албанците и сега така им враќа. Меѓутоа, тоа е нејзин проблем. Што се однесува на госпоѓата министер, освен експозето што го даде, не кажа ништо друго и со тоа експозе ништо друго не е објаснето, освен што добива закон, кој што е изготвен од поранешниот министер и за ова не сакам ниту да трошам зборови. Што се однесува на возот за кој што вие мислите дека нам ни отишол, нам ни отишол а јас ќе го кажам она старото, можеби ни отиде возот, меѓутоа билетот ни е во џеб. Ние ќе патуваме со друг воз, меѓутоа не е добро за Република Македонија да патуваме со друг воз или пак со друг авион. Би сакал да ми кажете кои ингеренции ги имаат началниците на полицијата со овој Предлог закон и да кажете дека тоа не е направено на перфиден начин. Така што, вие не го знаете овој Предлог закон, а не сте ни го прочитале.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Петров Горан, три минути.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе.

Јас на почетокот би кажал дека воопшто немам намера да го оспорувам демократското право на пратеничката група на ДУИ и ПДП онака како што мисли дека е најцелисходно да го изнесе своето мислење и своите заблешки околу Предлог законот. Дали тоа ќе се одвива во еден, два три или повеќе дена, тоа е прашање на нивната стратегија и начинот како сакаат своите размислувања да ги претстават пред јавноста. Меѓутоа, би реплицирал во делот кој што господинот Рафис Алити го напомна, а тоа е неопходноста за постигнување на консензус. Моето мислење е дека политичкиот консензус е веќе постигнат со самиот факт што оваа актуелна владеачка гарнитура прифати предлог на текст прифатен од претходната Влада, која што имаше во свои редови, покрај другите и пратеници од ПДП и ДУИ. Тоа за мене значи дека политичкиот консензус е веќе постигнат, актуелната влада имаше доблест да го прифати овој предлог закон и со тоа покажа дека ги надминува сопствените теснопартиските интереси и прифаќа името на Република Македонија закон кој што е изготвен од некоја сосема поинаква политичка гарнитура. Исто така, сметам дека е постигнат и меѓуетнички консензус, со тоа што повеќето политички парти и етничките заедници во Македонија претставени преку коалицијата за подобрта Македонија, го поддржуваат овој закон. Имаме поддржувач на закон од редот на албанскиот електорат, тоа е партијата ПДП и со тоа сметам дека на сосема јасен и транспарентен начин е направен и овој вид на консензус, со кој што и господинот Рафис Алити рече, а јас се согласувам дека е неопходен при донесувањето на овој закон.

Би сакал да реплицирам и во делот на излагањето, каде што беше спомнато дека за жал имаме лошо искуство од претходниот период и сметам дека се однесуваше на периодот пред осамостојувањето на Република Македонија. И тука се согласувам со господинот Алити. Меѓутоа, ме збунува фактот што во еден од своите амандмани предложија за раководни лица во структурите на полицијата да биде неопходно 30 годишно работно искуство. Тоа значи дека ги прифатевме тие амадмани на раководни места ќе требаше да дојдат луѓе кои што биле вработени или се вработениле некаде 80-тите години, токму во периодот, добро се сеќавам кога во тогашната автономна покраина Косово се случуваа могу репресалии, за кои што многу подоцна сите се согласивме дека се недемократски. Но, амандманот на ДУИ ќе овозможеше единствено тие кадри да застанат на раководните места. Затоа, мислам дека беше безсмислено тоа, а јас само за на крај би ги повикал да го надминат сопствениот теснопартиски интерес и да се приклучат кон мнозинството кое што ќе го изгласа овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика една минута господинот Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам за репликата.

Вие сте го добиле овој Предлог закон од поранешниот состав само затоа што немало согласност од ДУИ. Нас ни е многу јасна оваа работа, додека што се однесува на годините пред осамостојувањето на Македонија или после тоа, за нас албанците била истата песна и во времето на комунизмот и по осамостојувањето на Македонија. Ова го знаете и вие и ние. Зошто сме предложиле член да има, амандман да има 30 години, токму поради тоа сме предложиле да покажеме дека политиката, актуелната политика на оваа држава постојано била на штета на албанците, авансирајќи ги кадрите, унапредувајќи ги кадрите кои што убивале и тепале Албанци. И тие кадри кои што во својата биографија му кажале што направиле над албанците, било во Македонија или во Косово, тие се унапредени. Ова била нашата цел и намера да ја запознаеме јавноста на каде оди Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика од три минути има Димеска Катерина.

**Катерина Димеска:** Почитуван претседателе, почитувана министерке и колеги пратеници,

Сакам да реплицирам на пртходниот соговорник во делот на неговата дискусија. И да го потсетам дека на денешната наша седница имаме точка на дневен ред Предлог на законот за полиција со напомена дека во неговата дискусија и дискусиите кои што тие ги водат по час, два три и повеќе часови, во одредени моменти се заборавааt за точката на дневен ред. Така претходниот наш соговорник почитуваниот господин овдека ни зборуваше за Законот за градежно неизградено земјиште, за нивните забелешки околу овој закон. Зборуваше за децентарлизацијата, зборуваше за Охридски договор така да сакав само една кратка реплика и да ги потсетам да се држат до точката што е на дневен ред и да зборуваат само за законот и да го искористат нивното демократско право, па макар и зборувале по пет и повеќе часови со нивните дискусии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика една минута господинот Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Благодарам на колешката пратеник, навистина и благодарам и доколу увидела нешто во врска со мојата дискусија за да ми реплицира, меѓутоа ништо не кажа околу тоа, само спомна дека, јас кажав едно горко искуство што го имаме ние како парламентарна група, а и таа утре ќе се покае зошто го гласа овој Предлог закон или пак и другите кои се изјасниле дека ќе го гласаат овој предлог закон ваков каков што е. Меѓутоа, јас ќе ја потсетам пратеничката дека ние јавно сме кажале дека ќе ги употребиме сите демократски средства за да не се донесе еден ваков дискриминирачки закон, закон кој што е изготвен. Интерес на Македонија не е да патува во Европа со дискриминирани граѓани, интерес на Македонија е

во Европа да чекори без меѓуетнички роблеми овде во земјата.

Доколку вашата проценка е поинаква и на вашата парламентарна група, тогаш е ваш проблем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** господинот Хани Тахир има збор. Повелете.

**Хани Тахир:** Почитувани пратеници, најнапред сакам да ја искористам можноста да реплицирам и со претходните пратеници, кои укажаа на неколку забелешки во однос на расправата и излагањата на пратениците од ДУИ и од ПДП. Претходните пратеници реагираат во фактот дека Предлог законот за полиција имал еден политички консензус со самиот факт што овој Предлог закон произлегува од бившата мината влада, чиј припадник беше и ДУИ. На пратениците сакам да им укажам, доколку имаше политички консензус меѓу ДУИ и СДСМ сигурно дека нема да дозволевме овој закон да се донесе во идниот состав, туку ќе го изгласавме во минатиот состав и ќе беше еден позитивен елемент за нивната гордост по однос на меѓународниот фактор, бидејќи еве успеавме, имавме големи успеси. На претходните пратеници сакам да им укажам и во однос на тоа дека навистина на моменти оваа расправа по однос на Предлог законот за полиција преоѓа и во емоции и нерелевантни расправи. Но, од друга страна, доколку имаме еда навистина контруктивна расправа помеѓу сите пратеници кои се припадници на овој Парламентарен состав меѓу сите политички партии, било да се релевантни или помали политички партии, тогаш сигурно ќе се фокусиравме директно во тие елементи кои навистина се спорни елементи. Јас можам да кажам не само за ДУИ туку и за еден друг број на политички партии, за кои носењето на овој Предлог закон во овој момент е носење и надминување на состојбата и образложениeто и оправдувањето дек ќе имаме време во идина овој закон кој има свои недоречености, би можел да се подобри и да се стандардизира во согласност со интересите на сите граѓани во оваа држава. Затоа би рекол дека претходните пратеници треба да им биде јасно и да знаат и да бидат свесни дека Законот а полиција е еден од барањата на меѓународниот фактор за стандардизацијата и исполнувањето на тие услови кои се неминовни, Република Македонија да ги исполни тие услови за да се зачлениме во ната структурите или во ЕУ. Овие пратеници ќе треба да знаат дека една делегација во Парламентарниот состав од порелевантните партии во овој Парламент пред два дена бевме во седиштето на НАТО во Брисел каде на многу јасен начин се нагласи, јас би рекол независно од која политичка партија доаѓаме, од која етничка група сме. Во целост во седиштето на НАТО, било од политичкиот фактор, било од воениот фактор, расправавме јасно и се укажаа позитивни сугестии и имаа позитивна оценка во однос на политичкиот развој во Македонија. Меѓудругото беше и тоа дека Македонија чекори добро во однос на подобрување на стопанскиот, економскиот стандард има направено позитивни промени во реформите, во Министерството за одбрана, имаме еден голем позитивен чекор во однос на Рамковниот Охридски договор. Еден рамковен договор, кој за предавачите во седиштето на НАТО беше еден допар успешен модел за разрешувањето на етничките проблеми. Тоа е еден модел кој тие го сомнуваа и во позитивен аспект, бидејќи ова решение на мултиетничките проблеми во една држава, може да се примени и во други држави. Затоа, мислам дека и ние на нас таму многу јасно ни се укажа и децидно дека Закконот за полиција е еден закон кој бара апсолутен консензус од сите политички партии порелевантни и се укажа дека Парламентарното мнозинство сноси одоворност да создаде вистински дијалог помеѓу позицијата и опозицијата. Бидејќи, Парламентарното мнозинство е таа политичка сила која има одговорност за да создаде една добра политичка средина, да создаде добро политичко управување, да создаде добри односи со политичката опозиција и да се постигне можноста со еден директен дијалог да може да се донесе и да се усвои овој закон кој е потребен да се исполнат стандарите кон нашето членство, било во ЕУ или во НАТО структурите. Ова беше тоа што сакам да им реплицира на пратениците од Парламентарното мнозинство од ВРМО ДПМНЕ. Затоа, тие треба да бидат свесни дека се додека парламентарното мнозинство и претседавачот на оваа седница немаат сенз или чувство да создадат предузлови и тоа потребни предуслови, немаат чувство како да пријдат на начинот на разрешугањето на еден проблем или на еден спор со Парламентарното малцинство, тоа е проблем на управувачката способност.

Јас би продолжил со мојата расправа околу Предлог законот за полиција. Поминаа еве неколку недели расправа за Предлог законот за полиција понуден од страна на претставникот на Владата за носење во овој Парламент преку госпоѓа Јанкуловска. Една расправа која во себе опфаќа политички противречности од разни природи и со разни цели. Не може да се спори фактот дека во оваа расправа има и напнатост, но и колку контрадикторни ставови, толку и на не потребното ниво. Целата оваа напнатост доаѓа како резултат на едно слабо управување како парламентарното мнозинство но и од страа на претседателот на Парламентот, кој за нас претставниците на Парламентарната група на ДУИ и ПДП е познат како господинот Георгиевски. Овој наш став и наше обраќање кон него нема ништо лично со него и треба да се сослушаме дека ова што ние му се обраќаме со господине Георгиевски нема ништо лично со него, туку ова е еден политички став изграден во нашата парламентарна трупа ДУИ- ПДП. Ние, се додека имаме еден ваков став, ќе го подржуваме тој став до тој момент и до тој временски период, каде ќе се воспостават релации позиција и опозиција и тоа конструктивни релации, каде и позицијата ќе

ја игра својата конструктивна улога кон тоа за да се воспостават позитивни релации.

Исто така, сакам да нагласам, господине Георгиевски, ова парламентарно мнозинство во минатииот период, се обраќаше на актуелниот претседател на господинот Бранко Црвенковски со името граѓанинот Бранко Црвенковски и ова за нив беше нормално. Значи, овие се и непишаните политички правила или непишани политички ставови на политичките сили кои избираат еден демократски пат на нивното однесување во Парламентот или во нивната политичка дејност.

Господине Георгиевски, во синоќешниот говор употребивте еден израз игнорантен во однос на наш пратеник.

**Љубиша Георгиевски:** Јас не сум тема, а ќе бидам тема доколку покренете интерпелација, а сега држете се на темата.

**Хани Тахир:** Јас мислам дека сум на тема, бидејќи сакам да го дадам мојот придонес кој ќе може да влијае.

**Љубиша Георгиевски:** И оваа ви е прва опомена.

**Хани Тахир:** За да не се обраќате во однос на нашите, тоа не ви го дозволува Деловникот, мислам да ни се обраќате така од позицијата што ја имате да бидете прв човек, треба да знаете дека не сте во состојба да давате иронични реакции, затоа што можат да ви се вратат како бумеранг. Вас не ви дозволува возраста, ниту не се чувствувате како недостоинствен да правите вакви провокации. Честопати и доколку продолжите на еден ваков начин, која е вашата улога да бидете продуктивен и разумен, трпелив и над се да бидете непристрасен или да создадете деструктивна состојба. Јас би ви сугерирал. . .

**Љубиша Георгиевски:** Пред да ми сугерирате, член 87: "говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред. Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневниот ред, претседателот на Собранието ќе го повика да се придржува за прашањето што е на дневен ред. Ако говорникот и по повторното повикување не се придржува за прашањето што е на дневен ред, претседателот му го одзема зборот. Говорникот е должен во својот говор да го почитува достоинството на Собранието". Еве зошто имам право.

**Хани Тахир:** Јас сакам да ви кажам дека ние при нашата посета во седиштето на НАТО, децидно и јасно ни се укажа дека овој закон, овој Предлог закон за полиција, бара еден политички консензус меѓу политичките релевантни сили во Македонија. И, ова е мојот придонес во насока на тоа да се создаде една средина, конструктивна атмосфера, позиција-опозиција на начин ние заедно да му пријдеме на овој проблем и да го решиме и да не должиме со денови или со недели за да не бидеме деструктивни на оваа парламентарна седница.

Како и да е, јас сакам да говорам за предлог законот за полиција. Ќе дадам неколку мои забелешки, кои се однесуваат на членот 5.

Во членот 5, полициски работник во смисла на овој закон се дејствија на полициските службеници, што се однесуваат на заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, спречување на вршење на кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други, со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела, одржување на јавниот ред и мир, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, движењето и престојот на странци, одсржување на државната граница, условена со преминување на државната граница, укажување на помош и заштита на граѓаните како неопходна потреба. Обезбедување на определени личности и објекти и на крајот, во последниот став вели и други работи утврдени со закон.

Забелешката во овој член е дека не треба да стои последната, бидејќи создава многу простор дозволувајќи вршење и на други обврски надвор од законот. Доколку имаше други одговорности, тие можат да се наредат овде во овој член, како што се наредени и другите.

Членот 15 полициските служби ги врши Бирото за јавна безбедност. Бирото како орган на Министерството, наброени се надлежностите кои се на бирото. Значи во членот 15 се даваат обврските на Бирото и во точка 8 се вели, и други работи утврдени со закон. Оваа алинеја е многу преувеличена и не е јасна. Доколку има други закони, заштитеноста треба да се даде во овој закон, а не да се остави простор во однос на другите закони.

Значи, во членот 15 има една професионална забелешка би рекол, и тоа е алинеја 8, други работи утврдени со закон, е недефинирана алинеја, за кои закони се работи. Значи, забелешката е овој закон воопшто да не постои.

Во членот 17 за вршење на полициски работи за кој е потребен висок степен на специјализација, а заради ефективно и економично извршување на одредени специфични сложени задачи, како и за потребите на секторите за внатрешни работи, и регионалните центри за внатрешни работи, по принцип на централизирано работење, се формираат централни полициски служби. Оваа формулација е во множина. Што значи дека на управата и на директорот на Бирото му се даваат можности, проширени можности колку централни полициски служби да основа.

Мислам дека во членот 17 треба да постои една јасна формулација, колку полициски централни служби треба да се формираат. Јас би сакал, бидејќи е присутна госпоѓата министер, сакам да ми одговори колку централни полициски служби се предвидени со овој Предлог-закон. Ова е едно конкретно прашање на кое сакам да ми се одговори. Ве молам, би сакал од госпоѓата министер да ми одговори на ова прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Прашања се поставуваат на институцијата пратенички прашања и тогаш министерот е должен веднаш да одговори усмено или писмено. На овие дискусии кога ќе им дојде редот, тогаш ќе ви одговори. Ве советувам да продолжете.

**Хани Тахир:** Член 20 за вршење на полициските работи на територијата на Република Македонија, се формираат сектори за внатрешни работи. Тие сектори како што се наброени се: Секторот за внатрешни работи Скопје, Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип. Овој член е еден од најоспорените членови кој има една широка поддршка од аспект на структурната организација и организационата поставеност на полицијата.

Во дефиницијата како што е предвидено во членот 20, дека сектори за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините, кои ги зафаќа Секторот за внатрешни работи. Имаме една сугестија и забелешка, оваа формулација треба да претрпи промени, а тоа е дека за овие сектори треба да има посебен став и да се дополни формулацијата на овој став дека тие се формираат и спорред традициите на подрачјата, давајќи им предност на немакедонските заедници, за една што поцелосна застапеност.

Значи членот 20 има 8 сектори и како што реков, претходно и во рамките на секторите имаме во согласност со членот 23, за функционирање на полициски станици од општа надлежност.

Исто така, членот 23 е еден од најспорните члена од аспект на организационата поставеност на единиците на униформираната структура на министерствата за внатрешни работи. Значи, на самата полиција. Клучните спорови на овој член во согласност со членот 20 се во смисла на тоа како секторите за внатрешни работи треба да ја имаат предвид нивната распределеност и на простор каде ќе може да се создадат услови за исполнување на интересите на немакедонското население во државата. Ова беше уште една сугестија, или барање, еден сектор, или создавање на посебни сектори, а тоа ќе може да биде некој сектор за внатрешни работи во Струга, или Кичево и оваа усогласеност ќе дојдеше по една расправа помеѓу порелевантните политички сили во Македонија. Затоа е неминовно да има еден дијалог меѓу сите релевантни политички сили бидејќи овие се најделикатни членови, посебно членот 23, каде статистичките податоци укажуваат многу јасно дека во Република Македонија постојат 38 полициски станици од општа надлежност. Така што, полициските станици, на пример има полициски станици во Тетово, имаме две полициски станици во рамките на Секторот за внатрешни работи во Тетово и ја опфаќа полициската услуга за 300.000 жители. Што значи дека за една полициска станиц имаме 150.000 жители кои треба да имаат полициска служба за нивните потреби. Додека ја имаме и полициската станица каде има многу мал број на жители. Во Демир Хисар имаме полициска станица која опслужува 9.497 жители. Овие се статистички податоци кои кажуваат значаен дебаланс помеѓу полициската станица во Тетово, која треба да им дава опслуга на 150.000 жители и на таа од Демир Хисар која треба да им дава услуги на девет илјади и нешто жители. А имаме и помалку жители. На пример Македонски Брод, кој има само 7.141 кои треба да ги опслужува полициската станица. Кој е интересот на овој Парламент. Интересот на овој Парламент е да се донесе еден закон за полиција кој би требало да биде усогласен и со Уставот, да се усогласи со Законот за локална самопурава, со духот на Охридскиот рамковен договорр и други закони. Но меѓу нив и со Законот за Министерството за внатрешни работи, бидејќи во членот 9 од Законот за МВР се нагласува на дециден начин дека во секоја општина треба да постои најмалку една полициска станица. Така што би била една потешкотија, или практичната примена на членот 9 од овој закон за МВР нема да се примени во пракса, бидејќи имаме многу општини кои немаат полициски станици, иако се големи општини, како што е Желино, Арачиново, Сарај и многу други општини кои немаат полициска станица.

Законот за полиција исто така треба да биде во согласност со Охридскиот рамковен договор и овој рамковен договор треба да се исполни во смисла на официјалната употреба на албанскиот јазик.

Значи, во Предлог законот за полиција треба да се предвиди на јасен начин, со посебни членови, или на друг начин како ќе може да се употреби и албанскиот јазик во органите за внатрешни работи, посебно во полициската станица. Поаѓајќи од овој факт, во амандманот 5, кој е дел од член 7 од Уставот на Република Македонија, се нагласува на јасен начин дека граѓаните на Република Македонија имаат уставно право да им се обраќаат на сите органи од најниско ниво, до највисоко ниво на нивниот јазик и нивното писмо. Додека надлежните органи би требало да им одговорат исто така на нивниот јазик. Како може да се предвиди сето ова? Во оваа насока како ќе се разреши овој спор меѓу граѓанинот на кого му е гарантирано со устав во член 7 од Уставот да им се обратат во сите државни органи на негов мајчин јазик и на неговото писмо. Како ќе се реши ова во овој Предлог-закон за полиција.

Во членот 24 за три кандидати предложени од министерот најмалку еден треба да биде припадник на заедницата која е во мнозинство во таа општина. Треба најмалку двајца кандидати од полицијата. Ова треба да важи за полицијата во целост. Бирото, секторот или станицата да припаѓаат на заедницата која е во мнозинство. Инаку е во спротивност со Охридскиот рамковен договор.

Исто така, во членот 24, треба да се предвиди една промена есенцијална, суштинска промена каде може да дојде до израз Охридскиот рамковен договор како за употребата на албанскиот јазик така и во пропорционален опфат на граѓаните на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, така како се обврзува од Уставот на Република Македонија во сите органи треба да имаме една пропорционална застапеност на немнозинските заедници.

Во оваа насока, исто така официјалната употреба на албанскиот јазик треба да биде санкциониран со еден член и конкретно, двојазичноста за полицијата стопира стоп и блокирана зона. Бидејќи на ТВ Сител кога имаше една расправа со претставниците на МВР и експерти од оваа област, но и политички претставници, се постави едно јасно прашање. Што ќе се случи и кој ќе сноси одговорност, доколку униформираните припадници, официјалните лица на полицијата му се обратат на граѓанинот на еден јазик кој тој не го познава. Статистички имаме 7 до 10% од албанското население не го познава македонскиот јазик. Тогаш ќе кажеме, бидејќи имаме една гранична зона, каде воглавном е населена со Албанци, доколку во тие гранични подрачја не постои натпис на албански јазик или забелешката внимавај, блокирана зона, законска должност на полицаецот да му се обрати со изразот стоп на албански јазик, доколку дојде до опасност по живот на граѓаните, се поставува прашањето кој ќе ја сноси одговорноста за ова прашање.

Значи, во овој член мислам дека е доста фундаментален член, за кој Министерството за внатрешни рботи и изготвувачите на овој закон треба да бидат внимателни бидејќи во иднина може да дојде до несакани проблеми, или кршењето на правата на граѓаните и до опасност по живот. Бидејќи во Предлог-законот за полиција во неколку члена се предвидува на дециден начин дека униформираниот дел на полицијата може да употребат и оружје во одредени моменти. Сета оваа контрадикторност и овој критичен момент може да следи како резултат на тоа дека имаме делови од граѓаните на Република Македонија кои не го познаваат македонскиот јазик. Додека на граѓаните на Република Македонија со устав им се гарантирани правата да го употребат албанскиот јазик и писмото. Истовремено и сите надлежни органи во политичкиот систем на Република Македонија до граѓанинот треба да комуницираат и да им одговорат на нивните интереси и потреби.

Во овој момент ова е една есенцијална забелешка и треба да се евидентира како ќе се реши овој проблем.

Една друга забелешка во однос на членот каде што се формираат.

**Љубиша Георгиевски:** Да не ви треба пауза од пет минути?

**Хани Тахир:** Кога ќе ми треба ќе побарам.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете.

**Хани Тахир:** Ќе продолжам.

Во членот 26 од овој Предлог-закон, ќе го цитирам овој член: за вршење на полициските работи што се однесуваат на обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница се формираат регионални центри за гранични работи. И тоа: регионален центар југ со седиште во Кавадарци, регионален центар исток со седиште во Делчево, регионален центар север со седиште во Скопје и регионален центар запад со седиште во Охрид. Доколку ги погледнеме овие регионални центри, организирани во Република Македонија ќе видиме дека ниту еден регионален центар не е фокусиран во просторот во кој ќе може да се менаџира, управува, или ќе биде со еден непосреден контакт со локалното население. Значи, ќе видеме дека Струга е еден град близу до Охрид, а далечината меѓу Струга и Охрид не е толку голема и би можеле некои услуги да се пренесат од регионалниот центар Охрид, да се пренесат во Струга. Значи, би рекол дека Струга, како и Охрид би можеле да вршат услуги, како на Секторот за внатрешни работи, исто така и на регионален центар запад за граничната контрола.

Мислам дека треба да се има предвид фактот доколку врз основа на Рамковниот договор треба да се земаат предвид интересите на немнозинските заедници, кои се повеќе од 20% во државата, тогаш ќе видиме дека во овие четири регионални центри, ниту еден регионален центар не е во албанските простори. Значи, Кавадарци, Делчево, Скопје и Охрид и ниту еден од овие центри не е во близина на општините со кои управува градоначалник Албанец.

Во членот 30, полицискиот службеник или од него овластено лице Министерството им издава службена легитимација и значка. Полицискиот службеник е должен да носи униформа во извршување на работите на одржување на јавниот ред.
Ако направивме еден осврт на став 1, тој треба да се промени, бидејќи службената легитимација се добива веднаш од секој кандидат кој го стекнува правото да работи во полицијата според критериуните утврдени во овој закон. Ова е една забелешка околу член 30 став 1.

Почитувани пратеници, во дадени моменти мислам дека ние создаваме состојби и сме излишни со нашите политички расправи за некои, но дебатите од страна на ДУИ и ПДП имаат една цел, а целта на нашите расправи е да се создаде можност и предуслов парламентарното мнозинство и во оваа насока мандатарот, кој доби мнозинство гласови од гласачкото тело на Македонците, да може да ја почитува и опозицијата, да може да прифати и сугисетии од меѓународниот фактор дека треба да има една соработка, содејствување и усогласување и консензуална согласност во однос на Предлог законот за полиција. Ова не е излишно, парламентарното мнозинство да може да создаде

предуслови да седнеме на маса и Предлог законот за полиција, значи овој закон кој ќе има една широка примена и ќе биде во непосреден контакт со граѓаните од сите етнички заедници, би требало да има консензус од сите политички партии и на тој начин имајќи еден консензус нема да има спорови во иднина и ниту една политичка партија од ниту еден дел на граѓаните на Република Македонија и униформираниот дел на Министерството за внатрешни работи, значи полицијата, која во еден временски период беше униформа на страв, една омразена униформа, која не прифаќала да соработува со граѓанинот, ќе создаде еден позитивен имиџ, ќе се создадат предуслови, како што се предвидува со еден посебен член и во Предлог законот за полиција, да можат да се создадат координативни тела на граѓаните за соработка и дејствување заради разрешување на проблемите на самите граѓани.

Затоа, во оваа насока, парламентарната група на ДУИ перманентно бара ова прашање да се реши, а ова е сугестија и на меѓународниот фактор, да седнеме да расправаме, да седнат челниците на политичките сили од позицијата и опозицијата, да дојдат до еден политички консензус и да немаме една толку долга расправа, на моменти да имаме и напнатости и да се создадат услови со кои можеби ќе ги навредиме личностите од една или друга страна.

Во согласност со ова, бидејќи верувам дека парламентарната група на ДУИ и ПДП ќе продолжи со расправата се до моментот кога ќе може да се постигне еден поширок консензус или ќе може да се постигнат истите услови со кои ќе се создаде убеденоста или состојба за постигнување взаемно разбирање и почитување, еден вистински дијалог и баланс меѓу позицијата и опозицијата, бидејќи за меѓународниот фактор од големо значење е каков амбиент создаваме во овој Парламент. Нас не набљудуваат во создавањето на еден политички амбиент во овој Парламент од страна на позицијата и опозицијата и што побрзо се надмине оваа состојба, не толку поволна, меѓу позицијата и опозицијата, имиџот ќе биде уште подобар и попозитивен за самото Собрание на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ако завршивте, дозволете ми едно деловничко објаснување, што ми е и должност како претседавач на седниците.

Ако вие замислувате господине Тахир, не мислам на целата група, дека ме понижувате со тоа што мми се обраќате на име и презиме, грдно се лажете, затоа што јас се гордеам со моето име. Тоа е познато на Балканот најмалку во две сфери, творечката и политичката. Но, како пратеничка група ако сте решииле да ме ословувате така, тоа е сигурно ваше автентично право. Меѓутоа, таа монета ви е веќе дупната, затоа што уважените господа Фазли Велиу, Азис Положани и господинот екс ректор на Тетовскиот Универзитет Сулејмани, веќе меословија со “андеруар креетари” и јас тоа многу добро го разбирам, зашто разбирам по малку албански. А како што знаете дупнатите монети одат само за гердани на снаи, на пазар не одат.

На крајот, сеуште не завршив, ќе ви дадам контра реплика-ако една политичка групација прогласи некој функционер за нелегитимен, како што имав чест тоа да го слушнам од вашиот координатор, се разбира тогаш може да го ословувам со иницијали итн, сме имале во нашата јавност и практика дури и такви, да ги наречам ситуации, во кои со иницијали се викале луѓето. Тука сте во право, ама само до тука. А тие што ги нарекуваа луѓето со иницијали, важни функционери, претходно правеа жестока кампања со жестоки објекции на начинот на нивниот избор, па одеа дури до таму со поддршка на огромен дел од медиумите дека изборот бил фалсификуван.

Колку што јас знам, до денес, вашата пратеничка група не го оспорила начинот и не ја оспорила процедурата на мојот избор, кој беше сосема транспарентен. Спред тоа, и тоа е сомнително. Но јас не сакам тоа да го проблематизирам. Вие можете и понатаму да ме викате на име, јас го проблематизирам тоа што вие како аргумент го земате во една расправа која е сосема друга, јас немам никаква врска со полицијата ниту со законот за полиција, а вие викајте ме како сакате се додека сте во рамките на моето име и презиме. Тоа не ви го оспорувам, продолжете си така, меѓутоа, немојте во тек на расправа, во тек на аргументација за законот за полиција, зошто се одалечувате од темата. Тоа ви се моите совети.

А сега повелете, една минута контра реплика за пратеникот Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Би сакал да бидам подолг во мојата контра реплика, бидејќи е значајно.

**Љубиша Георгиевски:** За жал, не можете, имате само една минута.

**Хани Тахир:** Јас можам повторно да земам збор и да говорам околу предлогот на законот и да се вклуччам. Мислам дека лошо сте ме разбрале. Јас дадов едно образложение зошто ви се обраќаме со господине Георгиевски. Кога личноста му се обраќа со “господине” не е потценување, ве молам. Ние не ве потценуваме на ниту еден начин. Јас само нагласив дека во политиката има политички ставови. Дали се на место или не, тоа е друго прашање. Ве молам, јас интервенирав во тоа во дадени моменти, вие сте избрани од парламентарното мнозинство за да претседавате и имате едно политичко чувство и сенс, бидејќи не можете да влезете во реплика со 119 други пратеници.Така што јас сакам да ве оправдам.

**Љубиша Георгиевски:** Целосно ја прифаќам вашата аргументација, вашиот одговор е на место.

Сега давам збор на пратеникот . . .

Повелете господине Положани, реплика три минути.

**Азис Положани:** Бевме спомнати неколку пратеници (претседателот Георгиевски потврдува со "да")

Јас мислам дека со тоа што вие се обидовте да отворите едно друго прашање тука во рамките на вашата реплика, мислам дека сигурно сте сакале да покажете колку кондиција имаме ние, а посебно вие, за да се отвори проблемот да се расправа проблемот за полиција до крај и потоа да влеземе во една друга дебата која е за нашите политички ставови, дали се вакви или такви, со што јас се согласува, доколку сакате да ја отвориме таа расправа за прашањето што треба да се каже, како да се обратиме и ако е тоа во Деловникот, и тоа ќе го направиме.

Меѓутоа, дозволете да кажам дека ние го почитуваме секој пратеник кој е тука присутен, затоа што секој се претставува врз основа на волјата што ја изразил народот што гласал и меѓу нив, секако сте најпочитуван вие бидејќи сте прв меѓу еднаквите, на тоа место каде што сте седнати и ние ви се обраќаме со тоа што ве викаме на име и со други почитувања кои се потребни во оваа прилика и со сите нив сме сакале да ве почитуваме и ве почитуваме до крај, меѓутоа, дозволете, не мислам дека е упатно да се коментираат политички ставови кои всушност ние како партија можеме да ги имаме вакви или такви, меѓутоа, никогаш да навредиме некого и никогаш за да се персонализираат или персонифицираат нашите политички ставови. Тие имаат своја политичка димензија и логика во функција на политиката и никогаш против нас или некој друг, никогаш не се со цел некој да се персонализира или персонифицира некое лице од пфесионални причини. Значи ние со нашите ставови било кога ви се обраќаме со "господине претседател" или "господине Георгиевски" или пак "господине претседавач", тие се добронамерни и сите се полноважни и вредни и ние не сакаме да отвориме уште еден нов контекст или спор, нешто што досегашното мнозинство успеа да го направи во парламентарната димензија. Значи ние имаме спор за владината димензија и мислам дека не е во ред да отвориме уште еден спор кој би бил проблематизирање на некој елемент од парламентарната димензија, ве молам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, скоро целосно се согласувам со тоа, само со едно не се согласувам.

Со големо задоволство се согласувам со вашата констатација во врска со мојата кондиција, бидејќи сте и лекар и ми прави задоволство, ви благодарам што ме храбрите, но само со едно не се согласувам дека ја отворив таа расправа. Расправата се отвори по повод на втората моја опомена, која прв пат како институт ја употребувам за одалечување од темата на господинот Тахир, затоа што тој се оддалечи од темата и јас го опоменав два пати, а субјект тоа оддалечување беше мојата дребност. Инаку, немав никаква намера да и дадам на дискусијата парламентарност. Ова е само еден инцидент, што е нормално, не е ништо страшно.

Сега да видиме понатаму кој чека за збор. За збор чекаше господинот Есад Рахиќ, меѓутоа, тој ме извести дека до 15,00 часот ќе биде отсутен.

Според тоа, нека повели госпоѓица или госпоѓа, се извинувам не знам, Селмани Ајше.

**Ајше Селмани:** Благодарам.

Почитуван господине претседател, јас ќе бидам 4-та во нашата парламентарна група која ви се обраќа на тој начин, бидејќи така вие пресметавте дека само тројца од парламентарната група ви се обраќаат со "господине претседател", значи јас сум 4-та која ќе ви се обрати за прв пат со господине претседател. Верувам дека ќе се израдувате.

Исто така, почитувани пратеници, госпоѓи пратенички, имајќи предвид дека секој закон кој што е донесен во ова Собрание сигурно бил во согласност и со другите закони и со други значајни документи, исто така и овој предлог закон секако треба да ги има и овие квалитети, затоа што во едно општество раководено од законска власт, законот на рамноправен начин е за сите граѓани. Имајќи предвид дека денови по ред ние расправаме по предлог законот, ќе настојувам да бидеам колку што е можно појасна околу моите дополнителни забелешки на Предлогот на законот, надевајќи се дека со овие забелешки ќе и помогнам колку што е можно на госпоѓата предлагач на законот, за да разбере дека полицијата треба да биде колку што е можно потранспарентна со општеството затоа што ова е значајно за да се обезбеди довербата на јавноста.

Ќе почнам со членот 4 од Предлог законот, кој вели: "Заради создавање услови за работа на полицијата во министерството, се утврдуваат кадровските и образовните потреби, принципите за напредување во службата и управувањето со човечките ресурси; се донесуваат развојни, организациски и други насоки за работа; се донесуваат планови за користење на материјално-финансиски средства; се донесуваат и спроведуваат планови за изградба и користење на информациски системи за сопствени потреби; се донесуваат и спроведуваат планови за изградба и користење на радио комуникациски и ТВ комуникациски системи за сопствеи потреби; се утврдуваат потреби за развој и примена на современи научни криминалистички достигнувања и примена на технички средства; се развива и унапредува меѓународната полициска соработка; се организира и спроведува надзор, внатрешна контрола и финансиска ревизија и се вршат други работи утврдени со закон".

Точката 9, значи " за вршење на други работи" мислам дека треба да се прецизира и да се дефинира подобро кои се тие други работи утврдени со закон кои можат да се вршат, за да не се остави простор за недоразбирања.

Во членот 5 се вели:"Полициски работи во смисла на овој закон се дејствија на полициските

службеници што се однесуваат на заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела, одржување на јавниот ред и мир, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, контрола на движење и престој на странци, обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница, укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба, обезбедување на определени личности и објекти и други работи утврдени со закон".

Како што видовте, тука се спомнуваат полициски работи, значи во целина полициските функции и како функција, според мое мислење, не е нагласена заштитата на правилата, на одредбите од Уставот на Република Македонија.

Во членот 8 се вели: "Доколку лицето кон кое се применети полициските овластувања согласно овој закон смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права има право на преставка до полицијата. Полицијата е должна да изврши проверка во наводите во преставката од став 1 на овој член и во рок од 30 дена од денот на приемот на преставката во писмена форма да го извести подносителот за преземените мерки".

Овој член по мое мислење е многу значаен, затоа што го дефинира начинот на однесувањето на полицијата во случај таа да ги надмине должностите. Исто така, се дава предност на лицето кое што мисли дека се повредени правата и слободите и има право на преставка до полицијата, меѓутоа, не се дефинира јасно органот до кого треба да се обрати, затоа што додека повредата на правата и слободите на човекот е направена од Секторот на полицијата, не може на истиот сектор да се обрати со преставка или жалба како што пишува во овој член.

Во членот 10, полицијата ја известува јавноста за прашањата од нејзина надлежност. Граѓаните, државните органи, јавните претпријатија и други правни лица на нивно барање полицијата им дава информации, податоци и известувања за прашања од својот делокруг за кои се непосредно заинтересирани.

Нема да се даваат инфорамции, податоци, известувања кои, согласно закон , се определени со соодветен степен на класификација освен кога се исполнети услови утврдени со посебен закон.

Нема да се даваат лични податоци со кои располага Министерството, освен во случаи утврдени со овој и посебен закон.

Инфорамциите, податоците и известувањата од ставовите 1 и 2 на овој член ги дава овластен работник од министерот. Во овој член се вели дека полицијата ја известува јавноста за прашања кои се од нејзина надлежност.

Понатаму во ставот 2 вели дека ги известува граѓаните, државните органи, јавните претпријатија, меѓутоа, тука не гледам , не се нагласува дека треба да се извести и општината или попрецизно општинскиот совет. Тогаш мислам дека додавајќи ги зборовите "општински совет" на овој став од овој Предлог закон би бил многу поблиску до Охридскиот договор.

Член 20, за вршење на полициските работи на територијата на Република Македонија се формираат сектори за внатрешни работи.

Секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините кои ги зафаќа Секторот за внатрешни работи.

Сектори за внатрешни работи, согласно овој закон, се:

Сектор за внатрешни работи-Скопје, Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип.

Според ова, гледаме дека Република Македонија е поделена на 8 подрачја иако се спомнува дека овие подрачја се формираат во зависност од големината и бројот на населението и истото не се почитува во текот на поделбата затоа што, според статистиката што ја имам пред мене, бројот на населението што го опфаќаат овие подрачја е многу различен. На пример, Секторот за внатрешни работи - Скопје има 578 илјади жители со 9 полициски станици.

Сектор за внатрешни работи - Битола има околу 249 илјади жители, со 6 полициски станици од општа надлежност.

Сектор за внатрешни работи - Велес има околу 133 илјади жители, со 3 полициски станици од општа надлежност.

Сектор за внатрешни работи - Куманово има околу 172 илјади жители, со 3 полициски станици од општа надлежност.

Сектор за внатрешни работи - Охрид има околу 209 илјади жители, со 4 полициски станици од општа надлежност.

Сектор за внатрешни работи - Струмица има околу 170 илјади жители, со 4 полициски станици од општа надлежност.

Сектор за внатрешни работи - Тетово има околу 304 илјади жители, со 2 полициски станици од општа надлежност.

Сектор за внатрешни работи - Штип има околу 206 илјади жители, со 7 полициски станици од општа надлежност.

Од овие бројки што ги гледам пред мене доаѓам до констатација од моите анализи токму за Секторот за внатрешни работи - Тетово кој е втор по градот Скопје според бројот на жители, а последен според бројот на полициски станици од општа надлежност.

Единствен Сектор за внатрешни работи во Македонија кој има две полициски станици и почитувани пратеници како вие ја гледате оваа поделба. Да не е ова пропорционална поделба? Тетово е единствениот град во Македонија кој има два универзитети и овде е повеќе од потребно да има поголем број вработени во полицијата за да го чуваат јавниот ред и мир.

Продолжуваме со членот 22 со Секторот за внатрешни работи раководи началник.

За началник на Секторот за внатрешни работи може да биде назначено лице кое, покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон ги исполнува и следните посебни услови. Да има завршено соодветно високо образование, да има работно искуство во полицијата од најмалку 10 години од 12 години како што беше, се прифаќа 10 години поради амандманите што ги поднесе Владата и началникот на Секторот за внатрешни работи го назначува и разрешува министерот од редот на вработените во транспарентна постапка.

Началникот на Секторот за внатрешни работи за својата работа непосредно е одговорен на директорот на Бирото.

Што се однесува до овој член, јас го дадов моето мислење и кога расправавме околу амандманот со кој се бараше да се избрише зборот "транспарентна постапка" предложен од пратеникот Роза Топузова-Каревска во кој амандман се говори за еден поим кој е апстрактен иако со соодветен став од овој член треба да се конкретизира уште повеќе.

Продолжуваме со членот 23, во Секторот за внатрешни работи се формира полициска станица од општа надлежност за непосредно вршење на полициските работи за определено подрачје.

Според тоа што е набројано тука гледаме дека се оформени 38 полициски станици од општа надлежност и моите забелешки, што се однесува на овој член, се токму насочени кон овие полициски станици кои, освен нивната должност за заштита на граѓаните, нивниот имот и јавниот ред и мир имаат и други надлежности за издавање на лични исправи и документи кои се потребни за граѓаните. Овие документи се повеќе од потребни затоа што се бараат на секој чекор на граѓаните и тоа од самата полиција, а од друга страна им се отежнува нивното добивање чекајќи ред со денови за добивање на еден документ во оваа институција.

Имајќи го во предвид толку големиот број на жители во Секторот за внатрешни работи Тетово кој го цитирав малку порано, зошто да не се оформи уште една полициска станица од општа надлежност и во општина Теарце. Тоа е нешто што по мое мислење би ја олеснило работата и на полицискиот службеник и на администрацијата, а исто така и на граѓаните како на општина Тетово така и на општина Теарце.

Во членот 45 се вели полицискиот службеник е овластен да повика лице усно или на друг начин при што е должен да му ги соопшти причините за повикувањето, а во согласност на лицето може да го приведе до службените простории. Лице може да се повика и преку средства за јавно информирање кога е тоа неопходно потребно поради опасност од одлагање, безбедност при постапувањето или кога поканата се упатува на поголем број лица.

Повикување на малолетно лице се врши со доставување на писмена покана до неговиот родител или старател. Моите забелешки на овој член се токму за ставот 1 каде полицискиот службеник е овластен да повика лице усно или на друг начин. Зборовите "на друг начин", по мое мислење, треба или да се избришат или да се прецизираат другите начини за да не се остави простор за манипулација затоа што на пример тој друг начин може да биде и преку телефонско јавување. Колку може да се верува на овој начин дека навистина некој од полицијата може да телефонира, бидејќи ова може да биде и некоја шега од страна на некој друг.

Во членот 50 полицискиот службеник може да задржи лице за кое постојат основи за сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност под услови и на начин утврдени со посебен закон при што задржувањето може да трае најмногу 24 часа.

Полицискиот службеник може да задржи лице затечено при извршувањето на прекршок под услови и на начин утврдени со посебен закон, како и лице кое го нарушува или загрозува јавниот ред и мир, а воспоставувањето на јавниот ред и мир или отстранувањето на загрозувањето не може да се постигне на друг начин.

Задржувањето во ставот 2 од овој член може да трае најмногу 12 часа. Полицискиот службеник може да задржи лице под дејство на алкохол или други психоактивни материи под услови и на начин утврдени со посебен закон, при што задржувањето може да трае најмногу 8 часа.

Лицето кое го испорачало странски орган на безбедност заради спроведување до надлежен државен орган, може да се задржи најмногу 24 часа. Задржувањето се прекинува веднаш по отстранувањето на причините за задржување.

Според ова што го прочитав во овој член се говори за задржувањето кое не треба да трае повеќе од 24 часа. За жал, токму во овој период кога лицето е задржано, се случуваат најголемите малтретирања. До колку евентуално се случи вработените во МВР го надминат овој рок, кој ќе одговара за ова и каде треба да одговара, пред која институција? Затоа мислам дека е оправдано овие прашања да се дефинираат колку што е можно појасно затоа што полицијата треба да покаже дека навистина ги спроведува законите, а потоа истото да го бара и од граѓаните.

Продолжуваме со член 60. Полицискиот службеник е овластен во присуство на одговорно лице да изврши преглед или претрес на определени објекти, простории на државните

органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да изврши увид во определена документација заради пронаоѓање и фаќање на лице затекнато при извршување на кривично дело кое се дало во бекство.

Пронаоѓање и фаќање на лице кое при приведување се дало во бекство, пронаоѓање и фаќање на лице за кое е распишана потерница, согласно законот. Постапување по пријава за присуство на експлозивни направи или друга опасност.

Заради обезбедување на документација за успешно водење на кривичната постапка, ако оправдано може да се очекува дека на определен простор или објект ќе дојде до загрозување на животот на луѓето или имотот од поголеми размери или заради потреба од поголема безбедност за определени личности кои се определуваат, полицијата може да го испразни тој простор или објект, да забрани пристап, да изврши преглед и времено да го ограничи движењето во него и неговата непосредна близина.

Полицијата може да изврши противтерористички преглед на простории и објекти заради општа сигурност на луѓето и имотот, како и заради безбедност на јавни собири и приредби.

Прегледот од ставот 3 на овој член се врши непосредно или со помош на технички средства и уреди.

Според ова што го прочитав во ставот 2, зборот “може” според мене треба да се замени со зборот “треба” затоа што овие прашања се поврзани со загрозувањето на безбедноста на граѓаните или на нивниот имот или во случај кога е потребно да се направи обезбедување на определени личности кои претходно се обезбедени. Во оваа насока полицијата, по мое мислење, би било добро да има простор да може да го испразни објектот или да преземе други дејствија како што се на пример привремен преглед, ограничување на движење во близина на објектот и така натаму.

Во членот 65 кој е во однос на снимање на јавни места вели, под снимање на јавни места во смисла на овој закон се подразбира траен аудио и видео надзор над јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци со цел за нивно спречување.

Кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот и здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање или фотографирање на јавниот собир. Намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнување со активноста, полицијата може јавно да ја соопшти.

Снимениот материјал од ставовите 1 и 2 од овој член се чува во полицијата 6 месеци по што материјалот се уништува освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка со кој се постапува согласно со закон.

Исто така со еден друг амандман предложен од госпоѓа Весна Јаневска кој по мене беше навистина соодветен предлог со кој се бараше во овој член да се додадат зборовите во ставот 1 од овој член, зборови кои беа, ќе го цитирам амандманот: “не се подразбираат седиштата и канцелариите, локални организации на политичките партии и невладини организации, куќите, становите на партиските функционери, освен, доколку постои основано сомневање за кривично дело извршено во смисла на Кривичниот законик на Република Македонија.

Оваа интервенција навистина ќе беше многу соодветна и прикладна и поразбирлива отколку што е. Меѓутоа, еве, нашите долги распави и дискусии околу овој амандман го принудија предлагачот да го повлече овој амандман само за да се добие во време.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувана госпоѓице Селмани поради протоколарните обврски на кои и вие ќе учествувате, а и поради паузата за ручек, дозволете сега да ве прекинам, а ќе продолжите по паузата.

**Ајше Селмани:** Добро, можам да продолжам попаузата.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш пауза за ручек.

(Паузата е дадена во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 минути)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Господине Алити дали баравте збор процедурално?

Повелете, имате три минути процедурално.

**Рафис Алити:** Благодарам за дадениот збор.

Почитувани пратеници, почитуван господине Георгиевски,

Ние сме овде, во ова Собрание веќе месец и повеќе, учествуваме на пленарните седници. Како парламентарна група имаме забелешки од страна на граѓаните во смисла да има превод и на албански јазик, што значи дека граѓаните Албанци кои ги следат пленарните седници, да им се овозможи седниците да ги следат и на албански јазик. Да има превод и на албански јазик.

Како парламентарна група бараме да се почитува договорот помеѓу нашиот лидер, господинот лидер Ахмети и претседателот на тогашната Влада Бранко Црвенковски, што значи сегашната Влада, бараме во рок од десет дена да обезбеди превод од пленарни седници на албански јазик. Доколку не се случи ова, тогаш ние, како парламентарна група тој договор ќе го сметаме за ништовен. Што значи дека и ние нема да имаме никаква обврска да го почитуваме истиот договор.

Втората забелешка што доаѓа од мене и парламентарната група што ја застапувам, имињата и презимињата на пратениците во салава да се напишат и на мајчин јазик на пратеникот, бидејќи ова нешто е гарантирано со закон и така треба да биде.

Исто така и на вратите на комисиите каде што е напишано името и презимето на пратеникот, исто така да се почитува законот, па името и презимето да се напише и на неговиот мајчин јазик.

Мислам дека ние сме најповикани кои треба да ги почитуваме договорите и законите што ги носиме во ова Собрание. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Во однос на првата забелешка, пред два дена бев известен дека обратно, дека немало превод на македонски кога говорите вие. Сега слушам дека нема превод на албански.

Кога пред два дена интервенирав кај службите кои се задолжени за тоа тие ми рекоа дека трае штрајк на телевизијата и дека преведувачите од албански на македонски и од македонски на албански биле под штрајк, не биле платени и одбиле да работат. Тогаш тоа го решивме така што од овде, од овој канал, преведувачите и преведувачките кои овде преведуваат преведуваат од албански ги вклучивме. Но, зошто сега не функционира, не знам. Тоа е нешто ново.

Со проблемот сум запознат. Навистина молам да не се политизира. Вие сте потполно во право, но да не извлекуваме од тоа политички заклучоци. Не е заради тоа што немаше и на македонски, туку просто за тоа што е вистина. Телевизијата е во голема криза. Пет месеци не зеле плата. Јас, како претседател на Собранието правам се што можам. За една плата некако се изборивме. Сега, додека недојде ребалансот, додека не го изгласаме ребалансот на Буџетот и ќе нема.

Сега треба, моја задача е јас ја земам таа задача да седнам со техничките служби, да видиме што и како можеме технички да го премостиме овој проблем. Затоа што верувајте, тоа е чисто технички проблем. Го имате мојот збор. Тоа е едно.

По однос на втората работа, треба да се види, да се инсконсултираат службите, законите, ќе видиме. Сега, засега службата не може веднаш да ми даде одговор, господине Фелек, но да видиме тоа мора да биде само онака како е по закон, да се постапува, апсолутно, апсолутно. Така што ќе ви кажам сега на албански немајте гајле, околу тоа не е страшно.

Господине Алити Рафис за збор сега, или пак имате нешто процедурално?

**Рафис Алити:** Само едно објаснување во врска со ова.

Имено, имајќи ги предвид проблемите што биле присутни во МРТВ, со платите на вработените и оние кои преведувале во таа куќа, имајќи ги предвид овие работи, ова прашање не го покренавме на Првата пленарна седница. Значи, еден месец не го покренуваме ова прашање. Но, имаме реакции од нашата база, од граѓаните, дека порано седниците се преведувале и на албански јазик. Не велам за ова или денес или нема поинаку, тоа беше политички договор што треба да се почитуван.

Затоа, рокот од десет дена мислам дека е сосема доволен рок да обезбедите 4 преведувачи, да им се исплати плата, да почнат да преведуваат. Ако не, тогаш треба да оди преводот од преведувачите од Собранието, од тука.

**Љубиша Георгиевски:** Се надевам дека вторава верзија што и вие ја предложивте, јас што ја предложив ќе биде повозможна. Затоа што сега, пред ребалансот на Буџетот ни 5 денари не можат да се најдат вон од тоа, што вие од мене многу подобро го знаете. Но, ќе ги направиме сите усилби.

Вие сте совршено во право. Совршено сте во право. Тука нема никаква дилема. Мислам дека за 10 дена, јас после оваа седница, а може и да дадам една кратка пауза, откако ќе се измориме малку, не сега да ја давам, да видам со одговорните во однос на тоа прашање што се случува. Ви благодарам.

Сега да одиме по ред.

Повелете, продолжете госпоѓице Селмани.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Продолжувам таму каде што застанав, а тоа е членот 83.

Под употреба на физичка сила во смисла на овој закон се смета употребата на различни зафати, боречки вештини или на нив слични постапки врз телото на друго лице кои имаат за цел одбивање на напад, спречување бегство на лице или совладување на отпорот на тоа лице. Како што се гледа во овој член се говори за употреба на физичка сила што воопшто не се дефинира, а навистина треба секогаш да постои една законска основа за полициските дејства, опфаќајќи тука и употреба на сила. Употребата на своеволна сила никогаш не може да се прифати, затоа употребата на сила од страна на полицијата секогаш може да се смета како посебна мерка. Ова треба да значи дека употребата на физичката сила треба да биде во пропорција и во законската цел што е предвидена да се постигне целта.

Уште една друга забелешка што се однесува на физичката сила, имено дека овде не гледам други членови поврзани со ова прашање, како да значи дека тоа воопшто не е значајно во полицијата, физичката сила, а напротив, тоа е првиот чекор што се презема во нашите полициски станици.

Членот 88, во однос на употреба на хемиски средства, вели: “Употребата на хемиски средства е дозволено во случаите од член 91 став 2 на овој закон, во случај на воспоставување на нарушен јавен ред и мир во поголем обем, како и заради извлекување на лица од затворен простор или заради решавање на заложничка ситуација, при што не смее да се загрози животот и здравјето на граѓаните. Хемиски средства може да се употребат и во случаите кога се исполнети условите од член 89 на овој закон”. Со овој член што е во однос на употебата на хемиски средства се гледаат нејаснотиите што се однесуваат на

употребата на истиве, што се дозволуваат во случај на воспоставување на јавниот ред и мир.

Мислам дека треба да се разјасни и прецизира во кои случаеви може да се употребуваат овие хемиски средства, затоа што ќе се остави простор за злоупотреба.

Продолжувам со членот 104, каде што вели дека полицискиот службеник, по претходна согласност од министерот, а не предлог од посебна комисија од Министерството може да извршува определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална, што не се во судир со полициските работи. Согласноста од овој став на овој член министерот ја дава на начин и под услови утврдени со прописите за работни односи.

Полицискиот службеник, дејноста од претходниот став е должен да ја врши надвор од работното време во Министерството и на начин да вршењето на таа дејност не влијае врз законското и правилно извршување на полициските работи. Во овој член, изгледа е дадена предност на вработените во полицијата да тие можат да вршат определени работи или економска дејност, или стопанска и професионална дејност и надвор од работното време. Како може да се случи вакво нешто, кога тие се обврзани според еден друг член, што го има во овој Предлог-закон да и надвор од работното време да преземаат неопходни мерки за заштита на животот и имотот на граѓаните. Тоа значи дека оваа работа треба да се дефинира, да работат и други работи, да имаат право, вон од работното време или пак да немаат такво право.

Управувањето на полицијата, сигурно дека игра важна улога во воспоставувањето на стандард што ги промовира правата на поединецот и начелото на правилото. Управувањето на полицијата, исто така, игра важна улога во воспоставувањето на стандард што ги промовира правата на поединецот и начелото на недескриминирање, како внатре во органот, така и во односите со јавноста. Овој модел го следеле многу земји во Европа. Затоа мислам дека и Македонија, што има таков стремеж кон Европската унија, ќе беше добро да се имаат предвид многу работи. Во прв ред, верувам нашите дискусии, нашите предлози, дека навистина тоа не е погрешен пат. Не е погрешен патот што те води до успехот, до предлогот, напредокот до интеграцијата. Благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи пратеникот Есад Рахиќ не е присутен, збор има господинот Хани Тахир. Повелете.

Гледам дека и Хани Тахир не е тука.

Тогаш, збор има Незири Сафет. Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Почитувани пратеници,

Бидејќи во мојата дискусија нема да се задржам конкретно на членови, излегов на говорница да ви се обратам директно.

Ние, во последно време, можеме да увидиме дека расправата околу овој Предлог на закон се води на широко и не можеме да го видиме крајот на оваа расправа. Излегов овде, од оваа говорница, не дека сакам некого да провоцирам или некој да ми реплицира или некому друг да реплицирам, јавноста треба да знае, но и вие треба да знаете дека сите сме присутни на оваа пленарна седница, говорам за еден дел на пратениците, значи расправата од страна на опозицијата и молкот од другата страна, од парламентарното мнозинство, не случајно можеби, често пати и со репликите од страна на позицијата до опозицијата, се јавуваат со реплики што се и тенденциозни, а можеби и не се тенденциозни. Но, само по себе се јавува една конфузија.

Можеби не е во ред, но таа нетрпеливост меѓу пратениците од парламентарното мнозинство и делот од опозицијата, мислам дека сите носиме голема одговорност, но пред се исклучително е голема одговорноста што ја наси парламентарното мнозинство. Тука е и политичката одговорност на ова Собрание, дека нашите расправии и нашите дискусии често пати и нашите конфронтации во поширокага јавност на Република Македонија и меѓународниот фактор што ги следи нашите седници, сето ова е недолично за ова Собрание, вака како што се случува во последниве денови во ова Собрание. Што значи сето ова?

Почитувани колеги,

Ова има големо влијание во населението, негативно влијание, исто до нашите граѓани, на Република Македонија. Често пати од моите лични контакти со граѓаните од разна етничка припадност, Албанци, Македонци, кои живеат во една мешана средина, често пати ми велат - до каде вака и до кога ќе продолжи вака нетрпението помеѓу опозицијата и другиот дел како парламентарно мнозинство?

Верувајте ми, тоа што го кажав претходно, дека има негативно влијание и претставниците овде во Република Македонија од меѓународниот фактор, само по себе начинот на работењето на ова Собрание претставува не само една несигурност во носењето на нашите одлуки, туку носиме несигурност и неодлучност во однос на соработката помеѓу парламентарното мнозинство со делот на опозицијата околу овој Предлог закон предложен од стана на Владата. Тогаш, навистина треба да размислиме како треба да продолжиме понатаму, се додека нема еден вид соработка, се додека не дојдеме до еден вид на толеранција и се додека имаме еден вид на пропуст од страна на парламентарното мнозинство кога имаме расправи, според мое лично мислење, конструктивни расправи околу овие, претходно околу амандманската расправа, расправата по текстот на законот итн.

Дали ќе има доволна тежина носењето на овој закон пред нашите институции, бидејќи во целост, дел од опозицијата воопшто или опозицијата

воопшто не се слуша од парламентарното мнозинство. Парламентарното мнозинство на еден начин станува глуво во однос на барањата и ставот, анализите на еден правен, стручен дел од опозицијата во оваа насока.

Сведоци сме на многу расправи и дискусии, над 20 денови или повеќе од 3 недели каде имавме дискусии и расправи, каде што информациите одеа до тој степен што, доколку се донесе овој закон, доколку госпоѓата министер не увиди попатно дека овој закон треба да се повлече, уште еднаш да се доработи на стручен начин, со стручни екипи за да биде прифатлив за сите граѓани, дали сите ние овде сме размислиле, без оглед дали се говори за мнозинство или за опозиција, дали ќе има излез во примената на овој закон во пракса или на терен.

Посебно се поставува следново прашање. И покрај тоа што сме ние овде во опозиција, говорам за парламентарната група ДУИ-ПДП, во овој момент, во оваа состајба ние сме 17 пратеници, ние претставуваме еден мнозински дел од гласачкото тело на Албанците во Република Македонија.

Колку ќе биде прифатлива примената и остварувањето на овој закон на теренот од самото албанско население, жалам што велам и го именувам како дел од етничка група, бидејќи не сакам затоа што мојот карактер не ми дозволува во оваа насока да дискутирам, бидејќи граѓаните на Република Македонија ги знам како рамноправни и исти пред законот. Но праксата и искуството го докажуваат спротивното.

Јас од македонската опозиција овде во салата гледам еден пратеник. Говорам за парламентарната група на СДСМ. Дали бил лош или добар законот, изворот е од оваа парламентарна група, од СДСМ, кога беа на власт. Мислам дека треба да се укаже на забелешките, било да се тоа позитивни или негативни, треба да се слушне и гласот на оваа парламентарна група. ЛДП која денес не е меѓу нас, не е во Собранието и не расправа по текстот на законот, како резултат на нивниот револт дека не се испочитуваа неколку нивни предложени амандмани и се отфрлија нивните амандмани, така што тие не учествуваат на оваа расправа и нивното мислење и политички став во подобрувањето на овој текст, тие го кажаа.

Добро знаете дека коалицијата ДУИ-ПДП зошто долго време не учествувавме на пленарни седници на Собранието на Република Македонија. Но кога видовме дека треба да дојдеме овде, ние се потрудивме на еден начин и правилен начин, начин кој е во насока на подобрување на текстот на законот за полиција и учествуваме на оваа пленарна седница, анализирајќи многубројни амандмани предложени од ЛДП, од партијата ВМРО-Народна партија, од Турската демократска партија и многу други предложени амандмани. Непочитувањето на овие амандмани од горе спомнатите партии, ја принуди нашата парламентарна група да интервенира со амандмани во однос на амандманите од Владата. Начинот и обликот како тие амандмани се повлекоа од соодветната Комисија, јас не сум правник, но од страна на другите политичари кои имаат поголемо парламентарно искуство се вели дека се прекршени неколку одредби, можеби непишани, но и пишани норми и таквите амандмани да не се отфрлаат. Тоа значи дека едностраниот, пристрасниот став на парламентарното мнозинство, во однос на опозицијата, не произведува позитивен дух, позитивна енергија, туку оди кон целосна пристрасност, а ако вака продолжиме мислам дека нема да имаме добри резултати во иднина. И оваа расправа во однос на Предлог-законот, од страна на парламентарната група на ДУИ-ПДП е во духот на тоа дека отфрлањето на тие амандмани, во однос на законот за полиција ја принуди ДУИ-ПДП, во општата расправа да дискутираме за да укажеме и на МВР и на пошироката јавност дека треба да се подобри и да се интервенира во овој закон, истиот да се уреди, бидејќи нешто не е во ред со овој закон. Ставот не само на парламентарната група на ДУИ-ПДП, туку став на многу пратеници во ова Собрание и надвор од оваа парламентарна група, верувајте ми има свои забелешки и сугестии. Но, тие што треба да го кажат, не го велат тоа што го мислат.

Сега ќе се вратам назад.

Мислам дека приоритетна обврска околу овој Предлог-закон, можеби и во амандманската расправа требаше ние да го слушнеме гласот на најголемата опозициона партија во ова Собрание, на СДСМ. Таа требаше да ја даде тежината и значењето на овој Предлог-закон, да го брани или да го нападне, или да даде свои сугестии, да го оправда тоа што е позитивно, а и тоа што е негативно да го каже во однос на ставовите на Владата. Значи СДСМ требаше да го елаборира сето ова, да ја извести пошироката јавност на Република Македонија во однос на овие прашања, бидејќи тие се изготвувачи на овој закон и тоа им е обврска.

Во последно време со нас почнаа да се занимаваат и граѓаните, бидејќи долго време Парламентот, речиси беше во молк пред очите на граѓаните. Немше голема заинтересираност од страна на граѓаните. Можеби тоа беше и позитивна работа. Но од друга страна конфронтацијата на ставовите, судирот на ставовите, политички ставови, да не кажам и национални, бидејќи не е во ред, ја покачи свеста и интересот кај граѓаните на Република Македонија и тие сега на големо да гледаат како се развиваат работите во ова Собрание, но не во позитивна насока се движат работите, бидејќи кај самите граѓани, не случајно, значи само по себе се јавува една душевна напнатост, а можеби ќе одат и по екстремни насоки, нешто што не е во ред за иднината на нашата држава. Ние сме имале случаи каде јавноста не била добро известена дека во неколку средни училишта

почнале некои недоразбирања. Можеби не е тоа резултат на нашето работење како Собрание, како пратеници, но имало судири помеѓи ученици, малолетни ученици кои треба да образуваат и да живеат како млади луѓе, но нивната конфронтација и меѓусебна тепачка веќе доаѓа до израз.

Парламентарното мнозинство има обврска да зрачи со позитивна енергија и еднаш засекогаш, бидејќи од 1990 година наваму наваму направена е една пракса, парламентарното мнозинство никогаш да не ја слушне опозицијата што зборува односно дали се добри нејзините предлози, дали има добри амандмани, добри закони или добри ставови. Не говорам само за оваа гарнитура, туку говорам од 1990 година па наваму. Значи секгоаш се отфрлени предлозите на опозицијата како неосновани, без оглед на нивната тежина, а конкретниот случај е сега со законот за полиција. До колку овој закон, се обраќам до претставникот на МВР и до парламентарното мнозинство, би го донеле со еден широк политички консензус, да не речам и со етнички консензус, верувајте ми дека позитивната произведена енергија од ова Собрание, дефинитивно ќе одрази една взаемна доверба меѓу нашите граѓани, взаемна доверба меѓу политичките стру во Република Македонија. Не случајно се расправа на широко во однос на овој Предлог-закон, бидејќи не е грев и никогаш не е доцна овој закон да се повлече и да се доработи, да се анализира, да се видат кои се добрите и лошите страни. Значи да седнеме сите заедно да го анализираме член по член, став по став, да се видат нашите забелешки, да се подобри овој закон и да излеземе со еден закон за кој ќе ни завидат сите граѓани, бидејќи тоа ќе биде од корист за сите граѓани, а ќе ни завидат и меѓународните фактори. Мислам дека со една озитивна толеранција, до МВР и Владата и парламентарното мнозинство, анализирајќи го едностраниот став околу овој закон, за да се дофати тоа што е позитивно и истиот да биде плоден за сите граѓани, мислам дека ќе биде една појдовна точка за интеграцијата на Република Македонија во ЕУ и НАТО структурите и други релевантни институции. Со тоа ќе се создадат услови и тоа многу поволни странски инвестиции во Република Македонија, бидејќи начинот и обликот на тоа што го реков до сега, за да биде прифатлив за сите граѓани овој закон, ќе се создаде позитивна атмосфера во Република Македонија, се разбира до колку законот се донесе со еден консензус. Носењето на еден закон со консензус создава не само имиџ за Собранието, не само за нас како претставници во ова Собрание, туку и за сите институции на Републиката. Така Македонија нема да биде во европските колуари. Од еден дипломат се постави прашање дали ќе дојде на дневен ред поканата, Македонија да аплицира за Европската унија. Друг дипломат ќе рече, можеби ќе биде вака или поинаку, но Македонија сама ќе ги отвори своите патишта кон интеграцијата во ЕУ, а за тоа сме овалстени ние пратениците, избраници од народот на кои првенствена и морална обврска, законска обврска и уставна обврска ни е да работиме тоа за што сме избрани. До колку ние не ја извршуваме нашата работа, а која ни е должност и обврска, верувајте ми дека во иднина ќе не осуди историјата, ќе не осудат нашите деца, нашите поколенија, а можеби и нашите внуци, бидејќи една група од 120 пратеници овде во ова Собрание, а сите ние ја претставуваме цела Република Македонија, да играме со судбината на една држава, да играме со судбината на сите граѓани, не знам колку е прифатливо и логично. Јас би апелирал, како и завчера кога имав мое излагање, до парламентарното мнозинство, до претставникот на МВР, до Владата на Република Македонија дека овие сугестии и забелешки кои имаат позитивна насока и насока на соживот, насока на економски развој и интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО структурите и се што е добро за нашата Република и нашите граѓани, треба овие забелешки да се имаат во предвид. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јавува пратеничката Ѓорѓеска Ружа.

**Ружа Ѓорѓеска:** Почитуван претседателе, почитувана министерке,

Јас би сакала да реплицирам на претходниот дискутант, всушност и да му се заблагодарам на некој начин што и самиот кажа, употребувајќи го зборот конфузност, дека вака се повеќе и повеќе влегуваме во едни конфузни дискусии, меѓутоа и да го потсетам дека токму тие конфузни дискусии ги водат пратениците од пратеничката група на ДУИ и ПДП и како што обично и тие милуваат да кажат, заради јавноста, да слушне јавноста. Токму заради јавноста, нека слушне дека сите нивни дискусии овде се крајно, како што и тој самиот кажа, затоа се повикувам токму на неговиот збор конфузни и излезени од темата.

Тој воопшто да не се грижи тоа што ние воопшто не сме дискутирале за законот за полиција, или немаме некој свој став или мислење. Ние своето мислење и својот став го искажавме. Токму затоа беа прифатени одредени амандмани, со цел овој закон да се дополни и во целост да биде прифатлив за сите граѓани на Република Македонија.

Инаку, вака, сведоци сме буквално на конфузно излагање, како што и претходниот дискутант самиот кажа, на вртење еден по еден за дискусија а што всушност имаат за цел да го блокираат работењето на Собранието. Демократското право на говор, несогласувањето со одредени закони, тие овде кај нас го користат максимално. Еве веќе две недели не влечат со едни крајно, како што кажа претходниот дискутант, конфузни дискусии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Незири.

**Сафет Незири:** Добро е што госпоѓата има трпение да ме послуша и да ме гледа во очи, а и јас неа.

Јас не знам каков бил преводот, госпоѓо, но обично моите дискусии не се во насока на некој да ми реплицира, бидејќи не го иницирав процесот и начинот некој да ми реплицира во однос на моето излагање. Јас многу добро кажав, во Собранието се јавува еден конфузитет меѓу позицијата и опозицијата, меѓусебна нетолеранција, меѓусебно необјаснување. Тука е мојата цел. До колку мислите дека сум кажал нешто поинаку, има стенографски белешки, можете да ги погледнете и зборовите да не ги исфрлувате така како што вам ви одговара и како на вас ви се допаѓаат. Јас говорев во позитивна насока. А ако ви се допаѓа само 1% од моето излагање и да го претворите тоа во 99% негативно, тогаш тоа е ваш проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Ви благодарам почитуван господин Георгиевски, почитувани пратенички, почитувани пратеници.

На почетокот од мојот говор сакам да кажам нешто околу нашата дебата, начинот како ние ја развиваме нашата дебата, истовремено да објаснам малку повеќе за тоа зошто ние сме во ваква форма на подолга расправа.

Дебатата, нашата расправа или дискусии, било да се тие и повторени, било да се тие и почесто кажување на работите, веќе кажани порано, се прави со цел што ние сме дошле до заклучок дека ова е најдостоинствениот начин да се дискутира за закон како што е законот за полиција.

Тој закон засегнува толку прашања, прашања кои што се однесуваат и на човековите права и со колективните и индивидуалните права, закон кој што за жал, според нашето заедничко мислење, мислење на парламентарната група ДУИ и ПДП ќе треба да премине во една друга форма на расправа и на еден друг начин на гласање. Бидејќи парламентарното мнозинство одлучи овој закон да го остави надвор од расправата со можност за двојно гласање, надвор од можноста за создавање на еден поширок концепт на политички договор. Ние сметаме дека начинот на кој што дискутираме сега е најдостоинствениот начин за да одговориме на проблемите кои што произлегуваат во однос на овој закон. Дозволете тоа што сакам да го кажам, да го кажам со една стара мудра мисла која што е традиција илјада години. Значи, таа мисла вели: Основата, темелот на душата е во меморијата, во спомените. Причината зошто ние посветуваме толкаво внимание, или даваме значење на овој закон и зошто сакаме да расправаме и да дебатираме, меѓутоа и да бидеме дел од политичкиот договор за овој закон е токму споменот, или меморијата. За жал, колективната меморија, или нашето колективно сеќавање на луѓето кои што ние ги претставуваме тука, меѓутоа, и индивидуалната меморија на многу луѓе и на моите сопартијци од парламентарната група е сеќавање, или меморија која што се поврзува со една негативна традиција на употреба на сила и употреба токму на физичка сила. И секогаш кога законите овозможуваат силата да биде во вистинска политичка контрола, сметаме дека имаме простор и треба да има простор за договор. Старите Латини велат: Законите се тивки учители. И во големата тишина, или пак на големото молчење на кое што не учат, ние треба да научиме дека контролирањето на силата е една од основните и главните демократски вредности. Дозволете сега да застанам на 4 нови основни главни точки, бидејќи ние сме одлучиле овој закон детално да го прочитаме и бидејќи сме одлучиле овој закон детално да го анализираме без оглед на тоа колку пати ќе се повтори тоа од причина што мудрите рекле: Повторувањето е мајка на знаењето. Од оваа причина сметам дека новите четири точки за дебатирање тука од аспект, или област на контролирање на силата на ниту еден начин нема да направат лошо, туку добро за освежување на нашата меморија што се однесува на прашањето на функционирањето на законот.

Првата точка, проблематична точка на овој закон е отсуството на контролни механизми, механизми кои што не се прецизирани и не се опфатени како што би сакале ние да ги видиме во овој Предлог закон. Елементот на механизмот на контролата, или елементот на контролниот механизам кој што во нашиот аспект, или пристап е еден од исто така проблематични моменти. Ние би сакале да го надоврземе токму на овој момент, на тој момент токму од горката историја, или горкото минато и на една нова иднина која што ние сакаме да ја изградиме. Прагот на преминот од недемократското минато во една демократска иднина стои токму во контролните механизми, фактички кои што обезбедуваат еден вистински демократски систем. И сега уште еднаш да се повикам на тоа што го рекле помудрите од нас. Во секој случај, сепак сметам, или пак сакам да се навратам уште еднаш на тоа што го кажав претходно, без оглед што мислам дека ќе беше некултурно, туку и дел од почитта кон нас што говориме тука, тие за кои што ние говориме да бидат на своите места и да не слушаат внимателно. Мислам дека ова е дел од културата и смислата и на политичкото добро однесување. Сепак, мислам дека не треба тука да губам време со лекции за политичка култура.

Значи, во целост општото мислење е дека добрите закони честопати произлегуваат од минатото, или пак од лошите закони ќе може да се одговори или пак да се каже за овој момент, или за овој закон. Доколку навистина овој закон подразбереше, или пак опфатеше токму едно подбрување, или пак една гаранција за подобрување на лошите работи од минатото. Меѓутоа, членовите на овој закон посебно делот на законот кој што е во однос на процедурите, или постапките на преставки, сме рекле и ќе продолжиме да кажуваме дека тоа не е гаранција и истовремено не дава никаква гаранција за создавање на една безбедност, или на вистинската внатрешна контрола на полицијата за осигурување на истата.

Вториот елемент за кој што мислам дека е исто така проблематичен елемент е прашањето на пристапот на полицијата кон разните верски групи, етнички групи и расни групи. Зошто го велам ова? Од причина што секој закон за полицијата во секоја земја посебно имајќи в предвид дека се говори за еден значаен момент на контрола на сила ќе требаше да изгради врз законски основи една посебна сензитивност кон разните верски етнички групи. Но, во етничките земји имаат потреба не само за припадници на полицијата кои што се од разните верски или етнички групации, туку истовремено имаат потреба за припадници на полицијата кои што имаат разбирање и смисол за елементите и разните културни основи на луѓето со кои што тие имаат работа. Во оваа насока сакам да дадам еден практичен токму од припадниците на разните безбедносни системи било да се воени, или полициски на меѓународните земји, земји кои што беа вклучени во балканските мировни процеси од Хрватска до Македонија. Еден од елементите кој што беше за почит беше токму моментот што сите овие безбедносни структури имаа ангажирано луѓе кои што беа професионалци во познавањето на културните и религиозните традиции токму на земјите во кои што тие луѓе требаше да ги вршат своите задачи. Значи, не е случајна една ваква работа, туку е во однос токму на фактот дека со тоа што сите ние и нашите општества, меѓутоа и целиот свет сме робови на разните предрасуди се додека не го запознаеме другиот малку подобро и не го разбереме малку подобро моментот на почитување на етничките разлики истовремено и на разните разбирања културни разбирања и сфаќања. Сметаме дека тоа ќе беше од посебно значење.

Трета општа забелешка е во однос на поврзаноста на овој закон со Законот за локална самоуправа од причина што имајќи го во предвид значајниот момент на донесувањето на овој закон токму после почетокот на имплементирањето на Законот за локална самоуправа, сметаме дека ова е значаен момент кој што го оневозможува вистинското поврзување на овој закон со тој закон. На пример, во овој закон се предвидени 38 полициски станици. Истовремено, според Законот за локална самоуправа, нашето место има двојно повеќе општини. Во членовите од законот во кој што се говори за комуницирањето и за изборот на полицискиот началник се говори за улогата на општинскиот совет во изборниот процес и се говори истовремено за тоа дека овој совет може да предложи разни предлози за кандидати што се однесува на изборот на началникот на полицискиот сектор. На овој начин, со тоа што овие два моменти не се усогласени 30 и повеќе општини остануваат без можноста за одлучување на избор на шеф, и истовремено се одзема можноста да може да одлучат на кој начин и форма ќе соработуваат со локалната полиција. Ние мислиме дека ова исто така, е еден од основните главни недостатоци, или пак, сериозен хендикеп на овој закон, токму поради фактот што не се предвидува можноста како општините кои што не можат да имаат полициски станици би учествувале во процесот на демократизација на полицијата, кој што за нас е заеднички стратешки интерес.

Има уште една друга работа која што според мене, фали на овој закон сосема на почетокот на законот фали едно објаснување на терминологијата или пак на поимите кои што се користат во законот. Зошто го велам ова? Поаѓајќи од фактот дека овој закон уредува чувствително прашање, уредува едно прашање од затворање, пуштање на слобода, приведување, задржување, информативни разговори. Сите овие постапки се поврзани со еден чувствителен момент на едно демократско уредување, и истовремено е и чувствителен момент кога се говори за борбата против организираниот или неорганизиран криминал. Но, криминалот е криминал, каков и да е. Сметаме дека моментот на отсуство на едно прецизирање, или пак на еден воведен дел кој што би бил терминолошко прецизирање, или пак објаснување на поимите или термините и тоа може да создаде многу нејаснотии како што и има овој закон. Значи, има доста нејаснотии и сметаме дека моментот на нејаснотиите се надоврзува токму во отсуството на една поголема јаснотија, или едно објаснување. Ние не го сакаме неможното за овој закон или со овој закон, значи, законот не го принудува тоа што е неможно. Значи, не го бараме неможното во законот затоа што сметаме дека политиката е уметност на можното а не на неможното. Меѓутоа, за да ги направиме работите можни во политиката, треба да постои една политичка волја која што ние тука интензивно констатираме дека нема таква политичка волја и таа политичка волја сега, сакам да кажам дека веќе не е политичка волја која што се бара само од парламентарната група на Демократската унија за интеграција и Партијата за демократски просперитет. Таа политичка волја е волја која што се бара и од нашите меѓународни партнери и од нашите меѓународни пријатели секогаш во име на доброто за граѓанинот и во име на доброто за нашата заедничка држава. Затоа, во име на таа добра политичка волја што се бара, јас сакам да најдам некои моменти, некои недостатоци кои што се веќе констатирани од читањето што е направено на овој закон, токму од страна на ОБСЕ, нивниот извештај, Европската унија, Центарот за малцинства и многу други меѓународни центри кои што во име на добрата волја и во име на помошта која што сакаат да ни ја укажат во текот на процесот на градење на законите, фактички дале препораки, сугестии кои што се многу позитивни.

Ќе се задржам на почетокот на Европската унија а потоа и на ОБСЕ, а потоа уште на еден друг извештај.

Тоа што сериозно му фали на овој закон е едно длабоко разгледување, анализирање и јасно

анализирање на постапките кои што се во однос на моментите, или пак, елементите на Кривичниот законик. Односот меѓу Кривичниот закон и законот за полиција или пак односот меѓу Јавниот обвинител или пак полициските авторитети е еден од недостатоците кој што се гледа и се нагласува во овој закон, еден неопределен однос, недефиниран однос, колку што е потребно и однос кој што треба да се утврди или дефинира подобро.

Едно друго размислување кое што исто така е општо, воопштено е прашањето на системот на командување внатре во полицијата и на полициското организирање. Истовремено, тоа што ние го велиме го вели и извештајот на Европската унија. Тоа е моментот на мандатот и на одговорноста, како и на овластувањата кои што се предвидуваат токму од страна на полициските раководители. Имам впечаток дека овој закон повеќе говори за овластувања а многу помалку говори за одговорност. Мое мислење е дека во овој закон ќе треба да се обезбеди една кохерентност и тоа нагласена кохерентност меѓу тоа што е право и меѓу тоа што е овластување и меѓу тоа што истовремено е одговорност. Отсуството на посилниот систем на одговорност е само уште една работа со која што при реализирањето, всушност, при примената на овој закон ќе имаме проблеми во иднина. Што треба тоа да значи? Мудриот политичар Кардинал Тришеље, кој што освен тоа што често пати се цитира, како да кажал разни работи во текот на неговиот долг престој во политиката, има и други размислувања кои што се во однос на законите, нивната примена или пак неприменување. Тој ќе каже дека, да направиш закон, да изготвиш закон и да не создадеш можност за примена на истиот во практика, тоа значи да ги легитимираш работите кои што не се многу законски, меѓутоа кои што би сакале да ги заштитиме, одбраниме. Колку и да овие работи се кажани многу векови пред времето кога ние дебатираме тука, колку и да во тоа време демократските достигнувања биле многу подалечни од сегашните демократски постигнувања, сепак, во целост сметаме дека за да се воспостават повисоки демократски стандарди на реализирање или примена на законите, тоа би било вистинско достигнување и сериозно достигнување.

Дозволете сега да се вратам уште еднаш на делот за кој што ние имавме најмногу несогласувања или пак на делот кој што за нас не е прифатлив, делот на кој што ние имавме и ќе имаме несогласувања и тоа ќе го пофториме овде уште многу пати, затоа што станува многу јасно можеби со почести повторувања, некој можеби ќе почне да размислува малку повеќе, тоа е во однос на моментот на повикувањето или пак повикување на информативен разговор. Информативните разговори сметаме дека се надминат момент на полициското дејствување или пак на дејствувањето на полицијата во време на брзи и отворени информативни општества, имаме право да веруваме дека безбедностните системи ќе бидат поефикасни и ќе имаат помалку потреба да задржуваат луѓе на информативен разговор, да извлечат од нив информации, само доколку не се предвиди евентуално во текот на часовите што човекот ги поминува во една полициска станица, информациите да излегуваат поинаку. Затоа, поаѓајќи од демократските начела, уште еднаш сакаме да реагираме силно на членот 45, посебно на овластувањето на полицискиот службеник, кој е овластен да повика лице и усно или на друг начин за да добие информации. Мислам дека ова не треба да стои тука во овој член, во овој закон, од причина што доколку имаше потреба да биде тука, можеби ќе требаше да се предвиди и вокабуларот врз основа на кои еден полициски службеник ќе требаше да повика некого на информативен разговор. Затоа, мислам дека документирањето на тие моменти и оставањето на простор или пак на нејаснотија целиот овој процес да оди без пишано покритие, документирано, мислиме дека загрозува многу значајни процеси и демократски моменти. Сето ова или пак целата оваа расправа која што го докажува просторот и нашата демократска атмосфера и докажува колку имаме добар демократски процес и целосен демократски процес и да докажува дека некој сака и законот за полиција да го донесе на сила. Не знам зошто, но мислам дека да се поврзе прашањето за донесување на закон за полиција со инаетот, мислам дека создава негативна енергија кон една институција која има потреба од враќање на истото кон позитивна енергија, а не да се направи уште дополнителен негативен рејтинг. Барем поради ова, а не заради нас, барем своите граѓани оваа Влада ќе треба да го разгледа малку подлабоко овој момент. Дотолку повеќе кога и меѓународните политички пораки доставени до нас, беа пораки кои што рекоа, не ни треба брза легислатива, туку ни треба квалитетна легислатива. И, таа ќе требаше да биде доволна за да се размисли и за да се разговара навистина за овој закон. Мислам дека едно општество кое претендира повеќе, мислам дека едно општество кое што претендира Европско унија, мислам дека едно општество кое што претендира хармонични меѓуодноси, мислам дека општеството кое што претендира да извади стабилен безбедносен систем и моментите на безбедноста да не се злоупотребат од чувствителните ситуации, мислам дека едно општество кое што претендира да биде безо дел од заедничките безбедносни системи, како што е НАТО, повеќе од се треба една вистинска расправа, дебата за законот за полиција, а не и треба терање инает токму за законот за полиција. Затоа, почитувани колеги и почитувана госпоѓо Јанкуловска ние ќе говориме повеќе и почесто и почесто ќе ги кажуваме овие наши забелешки, затоа што мислиме дека се политички забелешки кои се во однос на нашата заедничка иднина. Затоа што, нашите забелешки, уште еднаш ќе кажам се последица на нашата политичка конзистенција да инсистираме, да донесеме еден добар закон за полицијата, бидејќи

мислиме дека таа полиција треба да им служи на сите. Затоа што,сметаме дека еднаш за секогаш многу системи и многу институции, опфакајќи ја тука и полицијата да преминат и да станат професионални, а повеќе под политичко влијание. Меѓутоа, додека сме во фаза на премин, додека сме во фаза на транзиција и во фаза на премин од едно општество кое што е помалку демократско во едно општество кое што е повеќе демократско, сметаме дека еден поблизок пристап кон нашите мислења, ќе беше за доброто на сите. Мали императур, рекле мудрите, ком регис вулгус дукер или пак **л**ошо велат се владее таму каде што помалите ги раководат големите раководители, водачи. Затоа, политичката смелост на големите раководители, политичката смелост на претендентите за големи работи се мери со политичката волја да се разговара вистински меѓутоа, со тие што размислуваат поинаку и кои што нудат толку многу аргументи затоа што размислуваат поинаку. Значи, тоа е голема работа и е знак на големост да слушнеш и да седнеш и да се обидеш да измениш нешто затоа што многу луѓе од разни аспекти ви велат дека е грешка. Големина е за заеднички интерес на граѓаните да ги земете предвид барем работите кои што се вредни за сите нив. Меѓутоа, е маленкост да терате инает и да удирате во ѕидот со глава под секој услов само за да се направи така како што велите вие, од причина што мислиме дека се ова работи кои припаѓаат на заеднички интерес и во крајна инстанца не се работи за кои што ние имаме, како што рековте вие почитуван господине Георгиевски, значи законите немаат авторско право и не е значајно кој ќе биде авторот на едно добро дело. Добро е доброто треба да го уживаат сите. Меѓутоа, мислам дека е значајно да се знае кој е автор на едно лошо дело затоа што штетата на тоа лошо дело ќе ја плаќаме сите. Ова е всушност причината зошто дебатираме на оваа тема, ова е причината зошто мојата маленкост, уште потемелно ќе го прочита овој закон и ќе настојува да изнајде уште повеќе елементи од традицијата на светската цивилизација за да го аргументирам тоа дека сепак пристапот ви е погрешен. Пристапот ви е погрешен токму при одбивањето амблок на размислувањата за кои секогаш имам впечаток дека секогаш се повеќе и вам ви е јасно дека овој закон има потреба да се надополни со истите. Големи се тие што победуваат, меѓутоа никогаш не победиле оние кои што не биле во состојба да ја поразат нивната гордост. Не можете да ги победите другите додека не ја поразите вашата гордост или да ја победите вашата гордост. И мислам дека големите се толку поголеми кои успеваат во себе да ја редуцираат гордоста, нешто што сите ние го имаме како човечки суштества. Едно од прашањата со кои лека полека можеби ќе завршам, е прашањето на отсуство на транспарентноста или на јавноста од многу изборни постапки на именувања и на полициските процедури. Нема подобар начин за демократизација на еден систем и нема подобар начин за враќање на полицијата во демократските шеми или патека отколку начинот на демократската контрола. И тој начин на демократска контрола е една од многу големите гаранции на функционирањето кон колективните системи. И ова не е проблем само филозофски, туку е проблем на практиката. Тука сакам, бидејќи имаме можност да расправаме малку поотворено и јас сакам да направам еден пристап на овој политичи процес токму како заеднички проблем кој што има своја филозофија. Сакам да направам една есенциална суштинска разлика која што ја направил Хенри Кисинџер меѓу мудрецот, филозовот и политичарот, па затоа и бил толку мудар, затоа што добро, затоа што многу убаво ја дефинирал разликата и тој вели дека разликата меѓу филозофот, мудрецот и политичарот е токму во времето. Времето кое што го има теоретичарот и филозофот за да размислува е бескрајно, арин финитум. Во меѓувреме вели, времето кое што го има политичарот да размислува е ограничено, значи андлинитум. Меѓу адинфинитум на мудрецот, на филозофот и андлинитум на политичарот, наоѓањето на логичната средина е вистинска уметност. Затоа и вистинските политичари се тие кои што си имаат доволно време да размислуваат колку што треба, меѓутоа и да дејствуваат толку колку што треба и како што треба за на крај завршницата да биде таква каква што треба да биде за сите.

Вториот момент, е што тоа добро го разликува Хенри Кисинџер и тој вели филозофот и мудрецот во своите теории, можат и да погрешат, меѓутоа нема проблем. Доколку погрешиле во своите теории, дрругата теорија која што ќе ја напишат може да им биде точна и при тоа да ја поправат првата. Меѓутоа грешките на политичарите чинат многу повеќе од грешките на теотичарите, затоа што нема уште една друга книга на која ние би ги напишале и би ги поправиле грешките, туку политичките грешки се грешки што ги чинат сите или речено подобро кои што не чинат сите. Затоа поаѓајќи од овие начела, значајни политички начела позитивни начела на општото човечко размислување во овој пристап, јас земав збор за да расправам повторно, не само за да го трошам времето без оглед на фактот што во рамките на нашето демократко дејствување, значи пролонгирањето на времето е легална метода на политичка дебата, меѓутоа мојот обид или напор за одржување на нашето целосно ниво, општо ниво, што мислам дека ние како парламентарна група достоинствено го одржување, работите што ги кажуваме тука да имат свое теоретско аргументирање, да имаат свое филозофско аргументирање во една крајна истанца да имаат и свое политичко аргументирање, за да не се каже дека не сме ги искористиле сите демократски средства за да им покажеме на тие што не сакаат да слушаат, за да има кажеме на тие што не сакаат да ја спуштат главата, затоа што мислат дека се многу големи, за да им кажеме на сите дека сепак има работи кои треба да ги разгледуваме заедно и има работи со кои што не

победува едната страна или пак е поразена другата или губи, туку има работи со кои што победуваме или губиме сите.

Во една земја како што е нашата земја која има големи политички претензии, ова требаше да биде пристапот и ова е единствениот пристап така размислувам јас, во земја во која што има толку големи идеи за отворање на вратите на една скептична Европа, една скептична Европа со својот европеизам, како што би рекол Жак Катали. Или пак Европа со големи дебати за самата себе и Европа во која што ние треба да понудиме наша конзистентност и најдоброто од нас што го имаме не се оди со инает. Да тргнеш оваа работа со инает, ниту Шуман немаше да успее да го изгради мислењето и разбирањето на една заедничка Европа. Заедничките и вистинските работи се постигуваат кога секој надминува нешто од себеси во име на доброто на сите. Жалам што морам да констатирам дека оваа готовност за малку повеќе пожртвуваност човечка, интелектуална, политичка и душевна отсуствува во делот на парламентарното мнозинство. Ова што го кажав до сега сакам да го привршам со една мудра изрека или мудро размислување и сега мудрото размислување кое се обидувам да го најдам овде сега во книгите, оваа расправа е добра, затоа што не тера да читаме многу во последно време и тоа е добро за развојот на интелектот, што читаме и некој што слуша, така што сметам дека минатиот пат се занимавав со Френклин Рузвелт, а сега со мислата на еден друг Рузвелт, тоа е Теодор Рузвелт. Тој во политичките процеси, надминувањето на себеси и гледањето од една повисока, поопшта и позаедничка призма е гаранција на успехот на малите. Во време кога големите треба да им помогнат на малите кои што знаат да се гледаат себеси од страна. Многу мудра мисла, всушност, е мисла која што донекаде ја аргументира филозофијата и дебатата меѓу Рузвелт и Вилсон и за интервенција на политиката или обратно. Меѓутоа, ова е друга расправа и се надевам дека ќе имаме можност да дебатираме во овој момент за тоа. Но, тие што се мали и што претендираат да се дружат со големите, треба да излезат од својата маленкост, меѓутоа, не можеш да станеш пријател со големите, затоа што ако останеш мал како мравка, претендирањето да се биде со големите подразбира излегување од себеси и договор за големите прашања. Слушањето и ислушувањето на помалите од вас, за да може вие да се чувствувате голем, меѓутоа и нив што се помали да ги направите да се чувствуваат поголеми ова е логика на модерната политика или пак на разбирањето на етничката хармонија или пак дугот на Охридскиот договор, господа.

Јас тука ќе завршам, само би било нормално, задржувајќи го правото, доколку продолжиме уште со расправата да интелтктуализираме уште повеќе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплики Александар Николовски три минути, Ружди Матоши три минути, Авирович Владанка три минути, значи по тој редослед ќе одиме со една минута контрареплика.

Почитуван господине Александар Николовски, повелете имате три минути.

**Александар Николовски:** Претседателе, благодарам.

Почитувана минстерке за внатрешни работи, почитувани колеги пратеници, јас би сакал да го отвориме дијалогот и да реплицирам на она што го кажа госпоѓата Арифи. Ние овде имаме една исклучително интересна расправа во изминативе три недели за законот за полиција. Ако на почетокот моето гледиште беше дека навистина спротивставуваме аргументи дека имаме различни гледишта, последниве денови практично го злоупотребуваме дијалогот и единственото што гледаме дека се случува во моментов е мајоризација на малцинството кое што верувам на госпоѓата Арифи и е исто така познато како политички феномен што, за жал, ни се случува во последниве денови на дебатата.

Кога говорам за малцинство, зборувам за политичко малцинство, односно за политичка партија која што не е во мнозинството.

Од таа страна би сакал да отворам неколку прашања, поврзани со дебатата за кои што сметам дека се суштински за изминативе најмалку недела дена дебата. А тоа е, дали целта на оваа дебата е подобар закон за полиција, или целта на оваа дебата е отворање на начин за влегување во власта. Дали целта на оваа дебата е дијалог, или злоупотреба на дијалог и финално, дали доколку имавме некој друг закон, ќе ни се случеше истото.

Јас мислам дека ќе ни се случеше истото по било кој закон, на било која тема, од многу едноставна причина, што ние овие денови гледаме дека единственото што се обидува да го направи ДУИ, единственото што се обидува да го направи госпоѓата Арифи со нејзините 4-5 говори, не знам колку беа, е да ги блокира институциите на системот.

Уште повеше, дали единствениот мотив за ваквата дебата е потребата од власт и дали единствениот мотив за ваквата дебата е прикривање на работите кои што се случија во изминатите четири години власт над ДУИ.

Уште повеќе, сметам дека треба да е јасно и на госпоѓата Арифи и на пратеничката група на ДУИ дека во систем каков што е системот во Република Македонија природно е да се избираат партнерите врз идеолошка основа, ние тоа го направивме. Природно е кога се борите против корупцијата да изберете партнери кои што се спремни да се борат со корупцијата, ама не партнери кои што во изминатите четири години длабоко навлегоа во корупциски скандали и на крајот, она што е многу природно, но за жал што не се случи, зборувајќи за духот на Охридскиот договор е отворената понуда од премиерот на лидерот на ДУИ да го потпише Рамковниот договор. Ние за жал, вчера видовме одбивање на

ваков потпис, што говори само за една работа, дека овдека некој друг не е спремен да го почитува Рамковниот договор, а не ВМРО ДПМНЕ кој што е и потписник и гарант и во нашиот претходен мандат во 2002 година, практично поголемиот дел од легислативата на Оридскиот рамковен договор беше имплементирана и во Уставот и во законите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Арифи има контра реплика.

**Теута Арифи:** Треба малку подобар вокабулар да има, затоа што треба да им е јасно, што треба да ни биде јасно, нам работите ни се јасни најпрво.

Како втора работа, секако како одговорна политичка партија ние сме заинтересирани за подобар закон за полицијата, затоа што тој е наш интерес и на сите други граѓани. Сметаме дека така се залагавме минатиот мандат, така се залагаме сега, така ќе се залагаме и во иднина. Влегувањето во власта воопшто не ни е интерес, затоа што тие преговори ги завршивме, така како што заврши ја и воопшто не плачеме ни за министерство, ни за власт, туку сакаме една држава како што доликува на сите граѓани. И спремни сме да дадеме придонес за тоа како што доликува на сериозна политичка партија, сакале вие или не.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има почитуваниот Ружди Матоши.

Повелете три минути.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам претседателе, ќе се потрудам во овие три минути да и реплицирам на госпоѓа Теута.

Една правилна политика треба да се заснова во однос на планирањето, во однос на политиката врз спроведувањето, врз персоналот и контролата како политичка партија. Јас не знам во која етапа во ДУИ беше госпоѓа Теута дали ја планирала оваа четиригодишна политика на ДУИ, дали ја спроведувала таа политика или била во персоналот или вршела контрола на ДУИ во однос на политиката. Но, количината и квалиетот на Охридскиот рамковен договор по сите анкети кои се направени во текот на четирите години се додека беше ДУИ на власт, се негативни. Ова незадоволство од страна на граѓаните се покажува како еден вид на слабо водена политика која ја водела ДУИ во однос на Охридскиот рамковен договор.

Таа спомна неколку меѓународни инситуции кои имаат свои забелешки во однос на законот. Овде, со најголема одговорност, велам со доаѓањето на ДПА на власт подобривме многу членови од овој закон, а Законот го изготви СДСМ со ДУИ. Членот 8, 10, 43, 44, 49, 66 и членот 118, каде на прецизен начин се дополнети овие членови или толкувањето на овие членови е подобрено во полза на Законот, значи во полза на квалиеот на овој закон.

Интелектуалците можат да се мерат со големи и мали, но политичарите проблем е да ги мериш со мали и големи, бидејќи во политиката треба да имаш прав пат. Ние го знаеме интелектуалниот квалитет на госпоѓа Теута, но за да го одржиш правиот пат во политиката е тешко. Госпоѓа Теута беше во ДУИ, беше во коалиција со СДСМ. Госпоѓа Теута треба да има голема одговорност кога се подготвувал овој закон зошто таа како висок фуниционер на таа партија не се ангажирала да има свои експерти или експерти од нејзината партија да изготват еден закон кој би бил добар за самата ДУИ и за сите граѓани.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за госпоѓа Теута една минута.

**Теута Арифи:** Благодарам, мислам дека фактот што расправаме за овој закон, што не помина минатиот пат кога имавме Бадентерово мнозинство но не сакавме да продолжиме со истото, тоа кажува дека тој закон е поминат, ние не се согласувавме, го имавме овој концепт и затоа расправаме три недели затоа што имаме своја експертиза за ова.

Што се однесува до прашањето на обемот на Охридскиот договор. . .

**Љубиша Георгиевски:** Молам малку парламентаризам.

**Теута Арифи:** Господа, имаме микрофони говориме преку микрофони, нема потреба од место да се говори.

Што се однесува до обемот на Охридскиот договор гласот на Албанскиот народ кажа кој колку реализирал од Охридскиот договор. Што се однесува до големите промени што сме ги направиле и измени во Законот за полиција всушност се гледа фактот што ви испадна Секторот за Струга.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Авировиќ, три минути реплика.

**Владанка Авировиќ**: Во политичкото и филозофското излагање на почитуваната госпоѓа Теута Арифи ќе се обидам да бидам кратка, имаше едно излагање каде премногу употреби идеализам. Сепак госпоѓа Арифи секоја земја има луѓе кои се чесни, но има и луѓе кои, за жал, мора да бидат повикани во полиција, мора да бидат сослушани, приведени, затворени. Секое општество страда од корупција, од криминал, ние тоа не можеме да го избегеме.

Вие го спомнавте членот 45 во корелација на вашата дискусија каде велите дека што е можно подобро да се постапува со луѓето кои ќе бидат повикани, а јас ви кажувам дека есенцијална новина, видете го стариот и новиот закон, тоа и вчера го имавме во дебата, вие не бевте присутни, е членот 34 каде било кое лице кое е повикано, тоа е од интерес на јавноста да го знае, има право на адвокат. Мора да се соопшти на јазикот кој го разбира и да не го повторувам членот 34, бидејќи членот 45 е во директна корелација со членот 34.

Што се однесува до филозофските повици не би го спомнувала ни Рузвелт, ни Черчил, ни Шуман,

ни Труман, би го спомнала мојот дедо кој викаше дека во секое нешто, па и во јајцето да се бара влакно и ќе го најдеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Арифи контрареплика од една минута.

**Теута Арифи:** Благодарам, секако во делот на рсправата за идеализмот можеме многу да расправаме но јас мислам дека не постапив идеалистички ма да многу ми се допаѓа критиката на чистиот ум на Емануел Кант каде, меѓу другото, чистината на умот е доведена до идеализам.

Но, праведно е, човечки е, хумано и политички да тргнувате од идеалистички вредности за да градите една добра политичка и кохерентна реалност. Мислам дека ние тоа треба да го направиме.

Во однос на членот 45 делот каде јас изреагирав е во делот на начинот на повикувањето, тоа значи на поканата која може да биде и усмена што јас сметам дека не би требало да биде усмена,туку само писмена за да може да постои документ за тоа.

Инаку, за имање адвокат, што нема дилема, секако дека го има во Законот, замислете да нема право човекот и адвокат да има во полициска станица.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сега ќе ми дозволите 15 минути пауза заради важни консултации во врска со отсуството на превод на албански.

Продолжуваме по 15 минути.

Паузата е дадена во 16,34 часот.

(По паузата седницата продолжи во 16,53 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Би сакал на почетокот на продолжението кое ќе трае кратко да ве известам дека тој технички проблем околу кој имавме интервенција процедурална го разрешивме на тој начин што со едукација на граѓаните ќе ги научиме како да фаќаат и на албански и на македонски, а тоа е привремено решение. После месец до 40 дена ќе се вратиме во регуларната ситуација. Технички се проблемите, договорот е постигнат, разговаравме со техниката, со шефот на Собранискиот канал, со координаторите на коалицијата ДУИ-ПДП и на ДПА, се е во ред, нема никаков проблем.

Ние можеме да продолжиме, ама би рекол дека не се исплати продолжување за пет до 10 минути, бидејќи е Ифтар мислам дека е време уште денес и утре, да завршиме.

Ако сака господин Положани, тој се беше јавил за контра реплика, повелете една минута контра реплика.

**Азис Положани:** Ако ми дозволите јас ќе говорам на македонски, затоа што мојот говор сакам да го почнам со дел кој што би бил и реплика . . .

**Љубиша Георгиевски:** Повелете , ако сакате и процедурално.

**Азис Положани:** Да. Бидејќи намерата ми беше да почнам на друг начин со дури тези, но поради репликата на господинот Николовски би сакал навистина највнимателно да му одговорам, бидејќи внимателно го слушав. Сакам да му одговорам на некој начин на поставените прашања.

Не треба мнозинството ни господинот Николовски да се зачуди на тоа што на овој начин ја сативме потребата од парламентарна дебата, за да преку дијалог навистина изнајдеме подобро решение и за што мислам дека утре ќе говорам, не наидовме на одговор, затоа што точно е тоа дека само ние долго и повеќе пати дискутираме, а нема реакција од другата страна за да биде навистина дијалог за подобар закон, но за тоа ние не сме виновни.

Второ, точно е тоа дека господинот Груевски вчера на конференција за печат му кажа на господинот Ахмети да го потпише Охридскиот договор заради тоа што тој не е формално потпишан. Иако господинот Ахмети одговори како што одговори, мислам дека ако формално сака да се потпише и господинот Груевски не е потписник на Охридскиот договор, па ако е нивен предлог да се разгледа, и онака има многу нејасни работи што ни создаваат некои проблеми и ако е предлог на ВМРО-ДПМНЕ да се разгледа Охридскиот договор, да се дополни и формално да го потпишат и господинот Груевски и господинот Ахмети, ако е тоа нивен предлог, ќе го разгледаме сериозно тој нивен предлог, така што нема проблем и формалниот дел . . .

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Ви дадов малку повеќе време, сега е веќе близу две минути.

**Азис Положани:** Добро, ќе продолжам утре, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега овде ќе ја прекинеме седницата, а ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

Ви благодарам на сите за соработката.

(Седницата прекина во 17,00 часот)